# АНАЛИЗА ЗА ПРИМЕНА НА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЕПИ

ACJO
Академија за судии и јавни обвинители

КМРСМ
Комора на медијатори на Република Северна Македонија

Mediatorsfederatie Nederland
Kwaliteitsregister



Kingdom of the Netherlands



# АНАЛИЗА ЗА ПРИМЕНА НА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# АНАЛИЗА ЗА ПРИМЕНА НА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Издавач:
Институт за европска политика – Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери

Автори:
проф. д-р Гордана Лажетиќ
проф. д-р Олга Кошевалиска
проф. д-р Лазар Нанев

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2022

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

347.965.42:340.13(497.7)(047.31)
347.965.42:347.91/.95(497.7)(047.31)
347.965.42:343.1(497.7)(047.31)
347.965.42:343.137.5(497.7)(047.31)

ЛАЖЕТИЌ, Гордана
Анализа за примената на медијацијата во Северна Македонија [Електронски извор] / автори Гордана Лажетиќ, Олга Кошевалиска, Лазар Нанев. - Скопје : Институт за европска политика, 2022

Начин на пристапување (URL): https://epi.org.mk/post/21393. - Текст во PDF формат, содржи 89 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 15.06.2022. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4702-61-0

1. Кошевалиска, Олга [автор] 2. Нанев, Лазар [автор] а) Медијација -- Правна рамка -- Македонија -- Истражувања б) Медијација -- Примена -- Судски постапки -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 57603077

Kingdom of the Netherlands

Публикацијата е изработена во рамките на проектот проектот „Медијација, без дилема!", кој Институтот за европска политика (ЕПИ) - Скопје го спроведува во соработка со Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", Комора на медијатори на Република Северна Македонија и Холандска федерација на медијатори. Проектот е финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје.



# СОДРЖИНА:


**КЛУЧНИ НАОДИ – РЕЗИМЕ НА СТУДИЈАТА** 7
**ВОВЕД** 10
**МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** 12

**ПРВ ДЕЛ -**
**ЗАКОНСКА РАМКА НА МЕДИЈАЦИЈАТА** 15

МЕДИЈАЦИЈАТА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА 16
МЕДИЈАЦИЈА ВО ГРАЃАНСКИ СПОРОВИ 18
МЕДИЈАЦИЈА ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА И ВО ПОСТАПКАТА КОН ДЕЦА 19

**ВТОР ДЕЛ:**
**КВАНТИТАТИВНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПРИМЕНА НА МЕДИЈАЦИЈАТА** 22

МЕДИЈАЦИЈА ВО ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ 23
МЕДИЈАЦИЈА ВО КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ 36
МЕДИЈАЦИЈА ВО КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ КОН ДЕЦА 43
ПРИМЕНА НА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО РАМКИТЕ НА НАДЛЕЖНОСТА НА ОСНОВНИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА 51
РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕН ПРАШАЛНИК НА МЕДИЈАТОРИТЕ 59
ПОДАТОЦИ ЗА МЕДИЈАЦИЈА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА 75
ПОДАТОЦИ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР – РЕЗУЛТАТИ ОД ФОКУС-ГРУПА 79

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА** 82



# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ:

Министерство за правда – МП

Основно јавно обвинителство – ОЈО

Основен суд – ОС

Комора на медијатори на РСМ – КМРСМ

Закон за медијација – ЗМ

Закон за кривична постапка – ЗКП

Закон за парнична постапка – ЗПП

Закон за правда за децата – ЗПД

# КЛУЧНИ НАОДИ – РЕЗИМЕ НА СТУДИЈАТА

Од анализата што ја направивме во рамките на истражувањето за медијацијата и нејзината реална примена во нашата држава можеме да извлечеме неколку заклучоци што можат да послужат како основа за креирањето на идни решенија и креирањето политики што имаат како цел поголема, но и истовремено поуспешна примена на медијацијата. Првично мораме да напоменеме дека степенот на информираност за придобивките од медијацијата и во правосудниот систем (суд и обвинителство), како и во приватниот сектор е премал. Сите засегнати страни имаат базични информации за медијацијата како концепт, но многу е мала информираноста за сите предности што ги има таа, почнувајќи од растоварувањето на судовите од предмети, малите трошоци и економичноста, краткото време за решавање на спорот, доверливоста, а во кривичните предмети и неевидентирањето во кривичната евиденција на едната страна што би се сметала како осудувано лице. Евидентно е и немањето волја да се даде напор за да се разбере овој концепт како полезен, како концепт кому треба да му се посвети верба. Едно од прашањата што најчесто се поставува за медијацијата е дали со применувањето на медијацијата ќе се изигра судскиот систем, односно дали таа би значела нарушување на правната сигурност? На мислење сме дека вршењето функција на правораздавање (изрекување на правото) од страна на други, вонсудски органи, не е пречка за конституирање на интегрален систем на судско право, во мера во која нивните одлуки се подложни на гаранцијата на судска контрола каков што е случајот со медијацијата. Оттука, неоправдан е стравот дека медијацијата е алатка за изигрување на правдата. Напротив, таа е економичен, ефикасен и доверлив начин на кој странките можат да дојдат до правда што ги задоволува интересите и на двете страни.

Во контекст на **Стратегијата за правосудниот сектор 2017-2021** и стратешките насоки за „Стимулирање на примената на медијацијата во судските постапки", како и „Зачестена употреба на медијација од страна на јавни органи", можеме да истакнеме дека, и покрај донесениот заклучок од Владата од јули 2019 година, а со кој ги задолжува сите државни органи, институции, јавни претпријатија што се во државна сопственост, но и единиците на локалната самоуправа, пред да почнат постапка пред суд да направат обид споровите да ги надминат по пат на медијација, како и Програмите за поддршка на медијацијата од Судскиот совет на РСМ и Програмата за поддршка на медијацијата од Врховниот суд на РСМ[1], воопшто нема сериозни отстапки во практиката, гледано од бројките за примена на медијацијата. Особено во однос на стимулирањето на примената на медијацијата во судските постапки, анализата ни покажа дека за тоа реално не се создадени елементарните предуслови. Како да ја поттикнуваат судиите и обвинителите примената на медијацијата кога околу 80% од нив не се информирани за посебните програми за поддршка на медијацијата од страна на Судскиот совет на Република Македонија

1 Програмите за поддршка на медијацијата од Судскиот совет на РСМ, достапни на линкот http://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-za-poddrska-na-medijacijata.pdf и Програмата за поддршка на медијацијата од Врховниот суд на РСМ, достапна на линкот http://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-medijacija.pdf.

и Врховниот суд на Република Македонија. Истото прашање може да се постави и во контекст на информираноста на судиите и ОЈО за можноста за субвенционирање, кога околу 80 до 90% од нив не се информирани за оваа можност, а токму субвенционирањето има цел да ја зголеми примената на медијацијата. Ако на ова ги додадеме и анализите на одговорите од медијаторите во врска со вистинското субвенционирање во практиката (што, според нивните одговори, не се исплаќа и покрај уредно поднесената документација), тогаш можеме да заклучиме дека, и покрај ова законско решение што би имало цел да ја оствари стратешката насока за поголема примена, сепак неговото непочитување во практиката создава контраефект. Конечно, како да ја поттикнеме примената на медијацијата доколку 90% од судиите и ОЈО во последните години не посетувале никаква обука за медијација, а нивниот интерес за следење на вакви обуки е од 80 до 90%. Сметаме дека само начелната заложба без сериозни интенции да се придонесе во примената на медијацијата не може да придонесе за позитивен ефект.

Во прилог на медијацијата како алатка за мирно решавање на споровите зборува и фактот што согласно податоците на Министерството за правда, бројот на успешно разрешени спорови со медијација е дури 55% од вкупниот број обиди за медијација што се регистрирани во е-регистарот. Овој број се верува дека е многу поголем, имајќи ја предвид околноста дека секој обид за медијација не е евидентиран во овој систем од причини што веќе ги наведовме. Со стапувањето во сила на новиот Закон за медијација[2] се очекува МП во секое време да има јасна слика и претстава за успешната и неуспешната примена на медијацијата по области. Согласно сега расположливите информации на МП, медијацијата е најуспешна во работните спорови. Иако по вкупниот број обиди за медијација работните спорови и стопанските/трговските спорови се најбројни, сепак по степен на успешност работните спорови се со висок процент на успешност – 91% или 1.134 успешно завршени спорови од вкупно 1.251 обид за медијација во оваа област. Во однос на стопанските спорови имаме обратен показател, од 930 задолжителни обиди со спогодба се завршени само 757 или процент на успешност – 18%.Причините за оваа неуспешност ги бараме во одговорите на целните групи кон кои беше направена оваа анализа – медијаторите и излагањата на претставниците на стопанските комори во фокус-групата што беше спроведена за целите на оваа анализа. Согласно резултатите од фокус-групата неуспешноста се крие токму зад велот на „задолжителната форма". Задолжителноста нема ефект ако кај странките нема предзнаење за придобивките од медијацијата, ниту, пак, има волја спорот да се реши вонсудски. Согласно одговорите на медијаторите во прашалниците, задолжителноста е добар начин да се стимулира медијацијата, но странките не се одѕиваат на поканата за медијација и воопшто не прават никаков обид за да пробаат да го решат спорот во постапка за медијација. На овој начин само формално се применуваат законските одредби и медијаторот испраќа известување до судот дека обидот е неуспешен. Решението за овој проблем и двете целни групи го гледаат во посилна и поефикасна промоција на медијацијата.

Следен заклучок до којшто дојдовме во оваа анализа е загрижувачкиот факт што укажува на недоверба на висок процент од медијаторите кон матичната Комора на која се членови и на неусогласените ставови што тие ги имаат во врска со идните активности, но и идните законски решенија во (тогаш предлог) Законот за медијација.[3] При финализирањето на оваа анализа, предлог-законот беше во собраниска процедура. Прашалниците и фокус-групата што се спроведени во оваа анализа беа пред да биде изгласан законот. Но, да напомeнеме дека од вкупно 46 регистрирани медијатори во Именикот на медијатори, вкупно 24 медијатори го одговорија прашалникот. Сепак, сметаме дека и пасивноста и неодговарањето на помалку од половина од медијаторите може да се индикатор за турбулентниот законодавен процес низ којшто минува медијацијата.

2 Новиот Закон за медијација е донесен во време на финализирањето на оваа анализа. Види „Службен весник на РСМ", бр. 294/2021 од 27.12.2021.
3 Предлог-законот за медијација е достапен на https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=45795 (последен пристап 10.12.2021). При изработката на оваа анализа, предлог-законот беше во собраниска процедура, а стапи во сила при нејзиното финализирање.

Секако, мора да се земе предвид дека медијацијата беше заглавена во својата реформа, затоа што новото законско решение беше закочено во законодавната процедура од мај 2018 година, па сè до финализирањето на оваа анализа – декември 2021 година. Ваквото кочење на новите и унапредени законски решенија е погубно за концепт што треба да заживее во вистинска смисла, затоа што и овие „нови" предлози ќе заостануваат во времето во кое треба да се применат. Кога веќе предлозите се на ниво на предлози три години, тие, сакале или не, во трка со времето, стануваат неефикасни. Од година во година правосудниот систем има нови предизвици со кои се соочува, така што ненавременоста во имплементацијата на законските решенија повторно би била на сметка на ефикасната примена на медијацијата. Сигурно е дека за вистинска примена е потребно многу повеќе од начелна заложба на медијацијата, без никаква реална активност на страна на сите засегнати чинители. Медијацијата не е концепт што има цел да ја преземе работата на судовите. Напротив, таа има цел да ги растовари судовите од спорови што можат да се решат мирно и брзо, ниту, пак, е концепт што има цел да конкурира на адвокатурата како професија. Оттука, најдобар начин за примена на медијацијата е добра промоција што ќе ги опфати сите информации и дезинформации за овој начин на решавање на споровите. На крајот, ќе завршиме со позитивниот впечаток за сите таргет-групи од оваа анализа што во висок процент изразуваат заинтересираност за обука за медијација во секоја област во која таа е применлива.

# ВОВЕД

Медијацијата во нашата држава по првпат е воведена во 2006 година со Законот за медијација,[4] кој беше во сила сè до октомври 2014 година, кога стапи на сила неговиот правен следбеник – Законот за медијација,[5] кој беше важечки пропис сè до финалната изработка на оваа анализа.[6] Од овие практични причини, прашалниците, фокус-групите и целосната анализа е направена имајќи го предвид Законот за медијација (188/2013, 148/2015, 192/2015 и 55/2016) што важеше сè до декември 2021 година. На крајот од 2021 година, во декември е донесен новиот (сега важечки) Закон за медијација.[7] Законот за медијација од 2013 година, особено по измените од 2016 година, покажа извесни резултати во примената, што се гледа и во зголемениот број медијации и постигнати спогодби, но сè уште е потребно да се надминат одделни состојби во оваа област што ќе ги адресираме во оваа анализа.Реформите поврзани со медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите се една од стратешките цели на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година.[8] Имено, во Стратегијата е наведено дека „нефункционалниот концепт на медијација останува како забелешка што се провлекува со години station наназад во прогрес-извештајот на Европската комисија“, па од тие причини потребно е донесување на ново законско решение за медијацијата со кое се планира да се надминат слабостите од практиката како што се:

*„...сложениот и несоодветен испит за медијатори кој влијае на малиот број на лиценцирани медијатори, поради што доцнеше и процесот на формирањето на Комората на лиценцираните медијатори. Одборот за медијација имаше проблем во неговата функционалност и извршување на обврските и надлежностите утврдени со законот. Медијацијата не е доволно промовирана и унапредена, иако заради развојот и поддршката на медијацијата во законот е предвидено дека Владата на РМ донесува Програма со мерки и средства за поддршка на медијацијата за период од најмалку четири години, а посебни програми донесуваат и Судскиот совет на РМ и Врховниот суд на РМ, додека, пак, Академијата за судии и обвинители е пасивна за организирање обуки за медијацијата и арбитражата“.*

Од овие причини, во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година во контекст на унапредување на медијацијата се наведени следниве стратешки насоки:

- Законски измени во делот на испитот за медијатори со цел ревизија на испитот за медијатори, за да се земат предвид потребните компетенции и вештини што треба да ги поседуваат тие; воведување на електронска достава во медијацијата, усогласување на водењето на регистрите за постапките на медијација што ги водат Министерството за правда и медијаторите;
- Овозможување претпоставки и поттикнување на јавните органи да ги решаваат меѓусебните спорни ситуации по пат на медијација;

4 Закон за медијација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 60/2006, 22/2007 и 114/2009). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија: У. бр. 117/2006 од 1 ноември 2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“, бр. 119/2006 и У. бр. 34/2007 од 6 јуни 2007 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“, бр. 77/2007 (закон надвор од сила).

5 Закон за медијација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 188/2013, 148/2015, 192/2015 и 55/2016).

6 Во текот на изработка на оваа анализа, законската процедура за донесување на нов закон за медијација беше закочена. Предлогот на законот е достапен на https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=45795.

7 „Службен весник на РСМ“, бр. 294/2021 од 27.12.2021.

8 Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план, достапна на https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Strategija%20i%20akciski%20plan_MK-web.pdf (последен пристап 03.12.2021).

- Стимулирање на примената на медијацијата во примена на Законот за правда на децата, парнични постапки против новинари за клевета и навреда, потрошувачки спорови, осигурителни спорови;
- Промоција на потребата и придобивките од медијацијата согласно Директивата на Европската комисија за медијација во граѓански и трговски спорови од 2011 година;
- Интензивирање на обуките посветени на медијацијата и арбитражата преку Академијата за судии и јавни обвинители.[9]

Во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година како стратешки цели се предвидени следниве:

За зголемување на примената на медијацијата, како и за придобивка од нејзините предности, Владата на РСМ презеде неколку чекори во контекст на стратешките насоки од Стратегијата 2017-2022, меѓу кои ќе ги спомнеме: Меморандумот за соработка помеѓу Владата на РСМ и Комората на медијатори од 2019 година[10], што резултираше, меѓу другото, и со усвоениот заклучок на Владата од јули 2019 година, со кој се даде препорака за сите државни органи, институции, јавни претпријатија што се во државна сопственост, но и единиците на локалната самоуправа, пред да почнат постапка пред суд да направат обид споровите да ги надминат по пат на медијација, со цел заштеда на средства од Државниот буџет. Во овој контекст е и испратеното известување до сите организациски единици во МВР и БЈБ во коешто е наведена подготвеноста на Министерството за внатрешни работи, сите спорни прашања што произлегуваат од работните односи, а особено за работа на дополнителни часови надвор од полното работно време, да ги решава по пат на медијација.[11]

Според член 27 од Законот за медијација, што важеше за време на финализирање на оваа анализа, предвидено е дека Владата на РСМ донесува програма за развој на медијацијата, во која се определуваат мерки и средства со кои се обезбедува поддршка на медијацијата. Програмата се донесува за период од најмалку четири години. Посебни програми за поддршка на медијацијата донесуваа и Судскиот совет на Република Македонија и Врховниот суд на Република Македонија.[12] Во новото законско решение, односно во новиот Закон за медијација од 27.12.2021 година, не е предвидено Врховниот суд да донесува посебна годишна програма за поддршка на медијацијата, па оваа обврска останува само за Судскиот совет.[13] Конечно, согласно член 27 и 28 од Законот за медијација, што важеше за време на финализирање на оваа анализа, беше предвидено субвенционирање од страна на државата на дел од трошоците направени во постапката за медијација, под условите уредени со овие законски одредби, а секако како стимул за поголема примена на медијацијата.[14] Оваа можност за субвенционирање е предвидена и во новиот Закон за медијација во член 35, каде што, за разлика од старото законско решение, предвидено е плус дека државата субвенционира само една постапка за медијација меѓу исти страни за еден спорен однос, во износ не повеќе од 4.000,00 денари по предмет од приложениот трошковник на медијаторот кој ги исполнил условите од ставот (1) на овој член. Претходното законско решение го предвидуваше оваа основа, но немаше ограничување на паричниот износ. Исто така, во новото законско решение има и временско ограничување од 90 дена рок во кој треба да се произнесе Министерството за правда по повод барањето за субвенционирање. Во овој дел апострофираме дека од анализата и од прашалниците во кои одговор даваат медијаторите, тие посочуваа дека, и покрај уредно доставените документи за субвенционирање, МП не донесувало одлука. Се очекува со оваа измена и со овој рок за одлучување да се реши овој предизвик во постапката за субвенционирање.

---

9 Види Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година со Акциски план, стр. 30-31.

10 Содржината на Меморандумот е достапна на http://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Memorandum-za-sorabotka-Imrsm-i-vlada-(1)-(1).pdf (последен пристап 03.12.2021).

11 Види известување од Кабинетот на министерот за внатрешни работи од 05.05.2020 година, испратено до сите организациски единици на МВР и БЈБ, достапно на https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/medijacija%202.pdf (последен пристап 10.12.2021).

12 Види ги Програмите за поддршка на медијацијата од Судскиот совет на РСМ, достапни на линкот http://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-za-poddrska-na-medijacijata.pdf и Програмата за поддршка на медијацијата од Врховниот суд на РСМ, достапна на линкот http://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-medijacija.pdf.

13 Види член 34 од новиот Закон за медијација, „Службен весник на РСМ“, бр. 294/2021 од 27.12.2021.

14 Член 27 и 28 од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 188/2013, 148/2015, 192/2015 и 55/2016).

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Анализата за примена на медијацијата е поделена на два дела. Првиот дел се однесува на теоретската анализа на медијацијата, законските решенија за медијацијата и релевантното законодавство од граѓанска, кривична област, како и законодавството за деца. Вториот дел се однесува на квантитативната анализа на примената на медијацијата во практиката од сите релевантни чинители – судовите, обвинителството, медијаторите, приватниот сектор.

ПРВ ДЕЛ: Првичното истражувањето, како и оваа анализа, почна со теоретска анализа со канцелариско истражување за законските решенија за примена на медијацијата, со анализа на сите релевантни закони. Теоретската анализа е направена со примена на дескриптивниот метод за опишување на законските решенија, како и компаративен метод онаму каде што се дадени споредбени решенија со земјите од регионот. Аналитичкиот метод е применет и за утврдување на статусот на имплементација на реформите за медијација предвидени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година, а со цел да се даде критичко размислување и процена на реалната состојба за примена на медијацијата. Теоретската анализа е направена во периодот од месеците октомври-ноември 2021 година.

Овој дел е структуриран во неколку потточки:

1. ЗАКОНСКА РАМКА ЗА МЕДИЈАЦИЈАТА
   - 1.1. Медијацијата согласно Законот за медијација,
   - 1.2. Медијацијата во граѓански спорови,
   - 1.3. Медијацијата во кривичната постапка и во постапката кон деца.

ВТОР ДЕЛ: Анализата за медијација е изработена во форма на квантитативна анализа на ***прашалници*** што беа дистрибуирани до сите основни судови во РСМ (граѓански судови, кривични судови, како и надлежни судови во постапката кон деца), до основните јавни обвинителства со проширена надлежност што се надлежни во кривичните постапки кон деца, прашалници доставени до сите медијатори регистрирани во Именикот на медијатори, барање за пристап до информации во врска се медијацијата до Министерството за правда, како и податоци од реализирана ***фокус-група*** со претставници од стопанските комори во РСМ.

Овој дел е структуриран во неколку потточки:

1. Медијацијата во граѓанските предмети,
2. Медијацијата во кривичните предмети,
3. Медијацијата во постапката кон деца,
4. Медијацијата во рамките на надлежностите на ОЈО,
5. Резултати од спроведен прашалник кај медијаторите,
6. Податоци за медијацијата од Министерство за правда,
7. Податоци од приватниот сектор – Резултати од фокус-група.

Дистрибуираните прашалници се во форма на самоадминистрирачки прашалници, каде што судиите, обвинителите и медијаторите ги пополнуваа самостојно. Прашањата во прашалниците се од отворен и од затворен тип. Прашањата од затворен тип се во форма на листа, категорија, ранг, квантитет и оцена. На некои од прашањата од затворен тип е оставена и можност испитаниците сами да се произнесат и да дадат одговор надвор од понудените одговори. Отворените прашања се во форма на давање на свое мислење, видување или предлози и препораки. Целта на прашањата е да се добијат одговори врзани за:

- искуството од примена на медијацијата,
- ставови, предрасуди, уверувања и проблеми од примена на медијацијата,
- информираност за медијацијата и соодветните законски решенија,
- информираност за работата на Комората за медијатори,
- обука за медијација (потреба од обука, реализирана обука, како и волја за понатамошна обука),
- статистички податоци за примената на медијацијата,
- вредносни судови за медијацијата,
- препораки за медијацијата.

Прашалниците до судовите, ОЈО и медијаторите беа дистрибуирани и обработени во следната временската рамка: креирање прашалници за собирање податоци од релевантните институции 30.09.2021 до 03.10.2021 година; барање за собирање податоци од релевантните институции од 04.10.2021 до 25.10.2021 година (прашалниците до судовите и ОЈО се испратени по пошта), прашалниците до медијаторите беа испратени електронски, во три наврати и поради слабиот одѕив истиот прашалник беше креиран преку „Гугл.докс" (google.docs) и доставен уште еднаш до сите медијатори. Сите основни судови (граѓански, кривични судови и судови за деца) одговорија на прашалниците што беа доставени, односно вкупно 188 одговорени прашалници. Бројот на прашалници што беа доставени беа од три до пет прашалници во судовите со проширена надлежност (кривичен и граѓански оддел) и по два прашалника во судовите со основна надлежност (кривичен и граѓански оддел). Обработката на податоците од прашалниците и нивната анализа се направени во ноември 2021 година.Од ГРАЃАНСКИТЕ судови, вкупниот број на одговорени прашалници изнесува 96. Истражувањето вклучува судии кои работат во граѓански предмети, и тоа од сите основни судови: Кочани, Штип, Радовиш, Охрид, Ресен, Кичево, Прилеп, Велес, Струмица, Струга, Кавадарци, Неготино, Гостивар, Берово, Крива Паланка, Свети Николе, Тетово, Делчево, Кратово, Дебар, Виница, Битола, Гевгелија, Скопје, Крушево и Куманово. Вкупниот број прашања во прашалникот е 28 прашања од отворен и од затворен тип. Просечно времетраење на пополнување на прашалникот е 15 минути.

Од КРИВИЧНИТЕ судови, вкупниот број на одговорени прашалници изнесува 72. Истражувањето вклучува судии кои работат на кривични предмети, и тоа во сите основни судови во РСМ: Кочани, Штип, Радовиш, Охрид, Ресен, Кичево, Прилеп, Велес, Струмица, Струга, Кавадарци, Неготино, Гостивар, Берово, Крива Паланка, Свети Николе, Тетово, Делчево, Кратово, Дебар, Виница, Битола, Гевгелија, Скопје, Крушево и Куманово. При собирањето податоци е напоменато дека податоците треба да се однесуваат на случаите каде што страните се упатени на медијација, а не кога судијата успеал да ги помири на рочиште за мирење. Вкупниот број прашања во прашалникот е 14 прашања од отворен и од затворен тип. Просечно времетраење на пополнување на прашалникот е десет минути.

Од СУДОВИТЕ ЗА ДЕЦА анализирани се добиени прашалници спроведени во основните судови во РСМ што имаат проширена надлежност, односно стварна надлежност во постапката кон деца. Вкупниот број на одговорени прашалници изнесува 20. Истражувањето вклучува судии кои работат на кривични предмети кон деца, и тоа од следниве основни судови: Кочани, Штип, Охрид, Прилеп, Велес, Струмица, Струга, Кавадарци, Гостивар, Тетово, Битола, Гевгелија, Скопје и Куманово. Вкупниот број прашања во прашалникот е 19 прашања од отворен и од затворен тип. Просечно времетраење на пополнување на прашалникот е десет минути.

Во истражувањето се анализирани и примарни податоци добиени од прашалници спроведени во основните јавни обвинителства со проширена надлежност во РСМ. Вкупниот број на одговорени прашалници изнесува 16. Вкупниот број прашања во прашалникот е 19 прашања од отворен и од затворен тип. Одговор на прашалниците од ОЈО што постапуваат во постапката кон деца добивме од следните јавни обвинителства: Кавадарци, Куманово, Штип, Скопје, Струга, Велес, Струмица, Кочани, Гевгелија, Кичево, Битола, Тетово. Просечно времетраење на пополнување на прашалникот е десет минути.

Во истражувањето се анализирани одговори што се добиени од вкупно 24 медијатори. Во именикот на медијатори има регистрирано 46 медијатори, што значи добиен е одговор од повеќе од половината регистрирани медијатори. Вкупниот број прашања во прашалникот е 31 прашање од отворен и од затворен тип. Просечно времетраење на пополнување на прашалникот е 15 минути. Освен по пат на е-пошта, овој прашалник беше доставен и преку „Гугл.докс", за да се мотивираат медијаторите за негово пополнување преку полесен пристап до него.

За целите на анализата се обративме и до Министерството за правда со барање за информации за примената на медијацијата во РСМ во периодот од 2016 година, заклучно со 15.10.2021 година. Министерството за правда безрезервно даде поддршка на истражувањето и одговори на барањето за информации со електронски допис во кој даде детален приказ на информациите и статистиката за медијација за релевантниот период, анализирано по области на примена. Специфично ограничување на овие податоци е што тие се однесуваат само на записите што се внесени во електронскиот регистар. Согласно дописот од Министерството за правда, наведено е дека во моментот сосем е *евидентно дека одредени медијатори воопшто не внесуваат податоци во електронскиот регистар (бидејќи не постои законска обврска за тоа), а одредени медијатори внесуваат нецелосни податоци, што го оневозможува процесот на пребарување и генерирање извештаи*. Со цел медијаторите да ги внесат во системот сите медијации што ги имале во работата од 2016 година наваму, системот сè уште е отворен за внесување податоци, поради што бројките се менуваат не само за 2021 година туку и за секоја од годините station наназад. Министерството за правда, преку разговори со секој поединечен медијатор, успева да им предочи која е предноста на електронскиот регистар, пред сè од аспект на видливост на медијациите, нивната структура, успешност, бидејќи само на тој начин може да се популаризира пред јавноста.

Конечно, со цел да се изготви детална анализа што во себе ќе го опфати и приватниот сектор, за целите на истражувањето беше реализирана и фокус-група, онлајн, преку зум на 01.12.2021 година со претставници од приватниот сектор, поточно од Стопанската комора на РСМ, Сојузот на стопански комори на РСМ, Бизнис-конфедерацијата на РСМ, кои дадоа особен придонес кон ова истражување, претставувајќи ги интересот и ставовите на нивното членство и на бизнис-заедницата. Фокус-групата е реализирана со користење на отворени прашања што ја стимулираа дискусијата помеѓу присутните и ни овозможија да добиеме сеопфатни информации околу перцепциите за медијацијата, искуството со неа, но и проблемите во практиката, како и препораки за нејзино законско унапредување и поголема правнична примена. Времетраењето на состанокот со фокус-групата траеше 2 часа и 15 минути.

# ПРВ ДЕЛ

## Законска рамка на медијацијата



# МЕДИЈАЦИЈАТА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Согласно Законот за медијација од 2013 година,[15] кој беше предмет на опсервација со оваа анализа и важеше сè до финализирањето на оваа анализа, медијацијата е процес на вонсудско решавање спорови со помош на трета неутрална страна – лиценциран медијатор, кој го олеснува процесот на решавање на спорот заради постигнување на заеднички прифатливо решение. Медијација е секое посредување, без оглед на неговиот назив, при решавање на спорниот однос во постапка на медијација во коешто на страните во спорниот однос им се овозможува да го решат по пат на преговарање, на мирен начин со помош на еден или на повеќе лиценцирани медијатори, со цел да се постигне заеднички прифатливо решение изразено во форма на писмена спогодба.[16]

Согласно Законот за медијацијата од 2013 година, медијацијата може да се применува особено во имотно-правни, семејни, работни, трговски, потрошувачки, осигурителни спорови, спорови од областа на образованието, заштитата на животната средина, спорови во врска со дискриминацијата, како и во други спорни односи каде што медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно разрешување.[17] Со **новиот** Закон за медијација од 27.12.2021 година, во член 1 се проширувaат опсегот на медијабилни спорови, па така во новото законско решение е предвидено дека медијацијата се применува при:– имотно-правни спорови што произлегуваат од оставински постапки,

- семејни спорови,
- работни спорови,
- трговски спорови,
- потрошувачки спорови,
- осигурителни спорови,
- спорови што произлегуваат од постапките на нотарски платни налози,
- спорови од областа на образованието,
- спорови од областа на безбедност и здравје при работа,
- спорови од областа на здравствената заштита,
- спорови од областа на заштитата на животната средина,
- спорови во врска со дискриминацијата,
- спорови поврзани со граѓанска одговорност за навреда и клевета, и
- во други спорни односи каде што медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно разрешување настанати меѓу домашни и/или странски физички и правни лица.

Конечно, останува и можноста одредбите од овој закон да се применуваат и во кривични предмети, доколку не е определено поинаку со посебен закон. Во член 5 од новиот Закон за медијација се уредени и основите за медијација во прекуграничните трговски и граѓански спорови.Во паралела со судската постапка, медијацијата е доброволна, рамноправна, неутрална, неформална, доверлива, нејавна, брза и економична постапка. Постапката на медијација може да трае најмногу во период од 60 дена, а согласно новиот Закон за медијација од декември 2021 година, овој рок е продолжен и таа мора да заврши во рок од 90 дена. Единствено во Законот за правда за децата[18] е предвидено медијацијата да заврши во рок од 45 дена. Трошоците што се

15 Закон за медијација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 188/2013, 148/2015, 192/2015 и 55/2016).
16 Член 2 од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 188/2013, 148/2015, 192/2015 и 55/2016).
17 Член 1 став 2 од Законот за медијација.
18 Види член 81 од Законот за правда за децата, „Службен весник на РМ“, бр. 148 од 29.10.2013.

предизвикуваат во медијацијата секоја страна лично ги расчистува (ангажирање полномошник и сл.), додека заедничките трошоци предизвикани во медијацијата за спроведување дејства и административно-техничките трошоци ги расчистуваат на еднакви делови сите учесници, доколку не се договориле поинаку.

Во врска со прашањето **Кој медијатор ќе ја спроведува постапката на медијација и ќе ги води средбите на преговори помеѓу страните учесници**, самите имаат право слободно да изберат медијатор, еден или повеќе медијатори (ко-медијација) што ќе посредува при решавање на спорот во кој западнале. Медијаторот се избира од редот на запишаните лица во Именикот на лиценцирани медијатори што го води Комората на медијатори.[19]Лиценцираните медијатори кои се запишани во Именикот на медијатори имаат надлежност да посредуваат при решавање на споровите со медијација на целата територија на државата, па страните воопшто не треба да се грижат каде е местото на живеење на медијаторот во однос на правната важност на исходот на постапката (спогодба/изјава).Постапката на медијација, според законски пропишаниот начин на иницирање, може да се јави како:

- доброволна,
- договорна, и
- со задолжителен обид предвиден со посебен закон.

Постапката на медијација е **доброволна**, тогаш кога страните учесници писмено се согласуваат дека ќе учествуваат во постапка за медијација за решавање на конкретен спор.[20] Кога во писмен договор за воспоставување на облигациски однос договорните страни предвиделе во случај на спор да се обидат да го решат со медијација, медијацијата е **договорна**.[21] Последниот вид медијација, **задолжителен обид на медијација**, е согласно член 461 од ЗПП во кој се предвидува дека за стопански спорови што се однесуваат на парично побарување до 1.000.000 денари за кои постапката се поведува со поднесување тужба пред надлежен суд, пред да ја поднесат тужбата страните задолжително мораат да се обидат спорот да го решат со медијација.[22]

---

19 Види листа на медијатори http://www.kmrsm.org.mk/medijatori/ (последен пристап на 05.10.2021). Медијацијата нема правно значење доколку посредувањето се врши од лице кое не поседува лиценца за медијатор и не е запишано во Именикот на медијатори на Комората.

20 Имено, двете страни потпишуваат писмени изјави за согласност за учество во медијација што се доставуваат до медијаторот, кој ќе го изберат да посредува при решавање на нивниот спор или, пак, ако веќе е поведена судска постапка со тужба, двете страни имаат можност на нивно барање, да дадат пред судот изјава на записник дека ќе се обидат спорот да го решат во постапка на медијација, при што, во ваков случај, судската постапка се прекинува за период од 45 дена. Доколку во периодот од 45 дена страните успеат да постигнат спогодба, таа се доставува до судот каде што била поднесена тужба и судијата ја внесува на записник во вид на судско порамнување за да се стекне со својство на извршна исправа. Ако, пак, страните не успеат да се спогодат, во тој случај, постапката за решавање на спорот продолжува пред судот каде што и претходно веќе била поднесена тужба за решавање на истиот спор, за да одлучи судот каква ќе биде правната разрешница на конкретната правна работа.

21 Судот ќе ја отфрли тужбата за спор во врска со договорен однос во кој странките предвиделе спорот да го решат со медијација, а воопшто не се обиделе, односно не приложиле кон тужбата доказ дека е направен обид за решавање со медијација. Се смета дека кога медијацијата се јавува во ваков вид, таа е задолжителна за страните пред да поднесат тужба пред надлежен суд.

22 Во контекст на наведеното, ова значи обврска за страната која има намера да поднесе тужба пред суд, пред да ја поднесе, да се обрати со писмено барање до медијатор кој лично ќе го избере, да достави покана до спротивната страна предметниот спор да се реши со медијација.

# МЕДИЈАЦИЈА ВО ГРАЃАНСКИ СПОРОВИ

Медијацијата, како еден од видовите на алтернативно решавање спорови, ја надополнува судската постапка и може да најде широка примена во правниот промет, а особено во имотно-правни,[23] семејни, работни, трговски, потрошувачки, осигурителни спорови, спорови од областа на образованието, заштита на животната средина, спорови поврзани со дискриминацијата итн.[24] Со измените во Законот за парничната постапка[25] (во понатамошниот текст ЗПП) од 2015 година, *во стопанските спорови за парично побарување чијашто вредност не надминува 1.000.000 денари, а по кои постапката се поведува со тужба пред суд, странките се должни, пред поднесувањето на тужбата, да се обидат спорот да го решат по пат на медијација.*[26] При поднесувањето на тужбата, тужителот е должен да приложи писмен доказ, издаден од медијатор, дека обидот за решавање на спорот по пат на медијација не успеал. Тужбата кон која нема да биде приложен доказот од медијаторот дека предметот не може да се реши по пат на медијација, судот ќе ја отфрли.[27]

Согласно ЗПП, судот е должен во спорови во кои е дозволена медијација, заедно со поканата за подготвително рочиште/главна расправа, до странките да достави писмено укажување дека спорот може да се реши во постапка за медијација. Во поканата, судот укажува дека странките треба да се изјаснат за тоа дали се согласни спорот да го решат во постапка за медијација и тоа се прибележува во записникот од подготвителното рочиште/главната расправа.

23 Медијацијата како начин на решавање на споровите се споменува во Законот за бесплатна правна помош, Законот за парнична постапка, Законот за кривична постапка, Законот за правда за децата, Законот за генетски модифицирани организми, Законот за давање на финансиски услуги на далечина, Законот за заштита на потрошувачите, Законот за заштита од бучава во животната средина, Законот за државен пазарен инспекторат, Законот за животната средина, Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, Законот за мирно решавање на работните спорови, Законот за социјална заштита, Законот за трговски друштва, во колективните договори од областа на образованието и др.

24 Кирил Чавдар, Кимо Чавдар – Закон за парнична постапка со коментари, судска практика, примери од практична примена и предметен регистар, Скопје, 2016.

25 Види ги членовите за подготвителна постапка член 272, 273, постапка по мали спорови, член 436 и стопанските спорови, член 461 од Закон за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија", бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015). Закон за меѓународна трговска арбитража на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 39/2006). Закон за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 101/2008).

26 Член 461 од Законот за парнична постапка.

27 Види https://www.akademik.mk/postapkata-za-medijacija-nekolku-fazi-do-prifatlivo-reshenie/ (последен пристап на 10.11.2021).

# МЕДИЈАЦИЈА ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА И ВО ПОСТАПКАТА КОН ДЕЦА

Согласно одредбите од Глава 30 од Законот за кривична постапка (во понатамошниот текст ЗКП),[28] во случаите кога делото се гони по приватна кривична тужба, надлежниот судија на рочиштето за мирење од причини на целесообразност може да даде предлог до страните за давање согласност за упатување на медијација. По дадената согласност од страните, судијата-поединец носи решение за упатување на страните на медијација. Доколку во определениот рок страните не дадат согласност, судијата-поединец носи решение дека предлогот за упатување на медијација не е прифатен и закажува главна расправа според одредбите за скратената постапка. Во рок од три дена од дадената согласност, страните спогодбено определуваат еден или повеќе медијатори од Именикот на медијатори и за тоа го известуваат судијата-поединец.[29]

Учесници во медијација се осомничениот, неговиот бранител и оштетениот и неговиот полномошник.

Постапката за медијација може да трае најдолго до 45 дена од денот на дадената согласност од страните до надлежниот судија-поединец. Тоа е во согласност со начелото на ефикасност, бидејќи токму законските рокови, покрај остварувањата на другите начела, ја прават медијацијата ефикасна наспроти долгите судски постапки поради кои се упатуваат критиките за неефикасноста на судскиот систем. Постапката за медијација до потпишување на писмена спогодба, медијаторот ја спроведува согласно одредбите на Законот за медијација.[30] Во договор со страните, медијаторот ќе ги определи термините за водење на медијацијата. Пред почетокот на постапката за медијација, медијаторот е должен да ги запознае страните со принципите, правилата и трошоците на постапката. При медијацијата, медијаторот комуницира со страните заедно или одвоено.

Така, на пример, еден од начините на завршување на постапката за медијација е потпишување на писмена спогодба, што е случај кога двете странки ќе успеат да се договорат за заедничко решение.[31] Ова е најоптимален начин за завршување на спорот. Но, тоа не е случај секогаш. Доколку постапката за медијација не заврши со потпишување на писмена спогодба, тогаш нејзиниот крај е означен со писмена изјава,[32] известување[33] или решение[34] од медијаторот или повлекување од страна на страните.[35]

Во однос на постапката кон деца, главна цел на медијацијата кај децата е дијалог што ќе му овозможи на детето да сфати што сторило, да ја сфати позицијата на жртвата во текот на делото и по него, да ги слушне страдањата на жртвата и последиците што ги претрпела таа.[36] Оттука, крајниот ефект е чувство на сочувство со жртвата, согледување на настанот од друг аспект, преиспитување на сопственото однесување и пронаоѓање на причините што довеле до настанот.[37] Воведувањето на алтернативното решавање на споровите во малолетничкото

28 Закон за кривична постапка, „Службен весник на РМ", бр. 150 од 18.11.2010.
29 Види член 491 од ЗКП.
30 Член 494 од Законот за медијација.
31 Во член 496 од ЗКП се предвиден составот на писмената спогодба и нејзините задолжителни елементи, роковите за исполнување и сл.
32 Писмена изјава на медијаторот, по извршените консултации со странките дека не се оправдани понатамошни обиди за медијација, на денот на поднесувањето на изјавата согласно член 495 став 2 точка 1 од ЗКП.
33 Истекот на рокот од 45 дена, констатиран со известување од страна на медијаторот согласно член 495 став 2 точка 2 од ЗКП.
34 Решение кога медијаторот ќе ја запре постапката за медијација доколку смета дека е постигната спогодба што е незаконска или неподобна за извршување согласно член 495 став 2 точка 4 од ЗКП.
35 Повлекување на страните во кое било време од постапката за медијација без притоа да ги наведат причините за тоа. Повлекувањето ќе се смета од денот на поднесување на изјавата за повлекување, согласно член 495 став 2 точка 3 од ЗКП.
36 Lazetik, Gordana, Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2016). Ресторативна правда спрема деца. Македонска ревија за кривично право и криминологија, 1 (1), pp. 1-24.
37 Buzarovska-Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga (2012). Медијацијата во системот на малолетничка правда. СППМД, Кавадарци.

законодавство има цел да го надмине проблемот со којшто се соочува, а тоа е ексклузивната употреба на пенализацијата.[38]

Медијацијата спаѓа во т.н. концепт на ресторативна правда, за којашто е карактеристично што таа не гледа на стореното дело како на околност што довела само до повреда на законот и поради тоа мора се изрече казна, туку стореното го смета за настан што ги нарушил меѓусебните човечките односи, па медијацијата може да се искористи како алатка за реставрирање на нарушените односи.[39]

Оттука, медијацијата има цел да воспостави похармонизирани односи помеѓу засегнатите страни кои ќе се создадат и ќе се одржуваат врз основа на изречен заемен договор и преку постапка што ќе им помогне на страните да имаат покомпатибилен начин на разбирање.[40]

Првиот законски текст што ја реализира оваа амбиција за медијација во постапката кон деца беше Законот за малолетничка правда.[41] Низ целиот текст на овој закон можеше да се забележи фокусот врз примарниот интерес за заштита, воспитување, превоспитување и правилен развој на децата, при што законските одредби им даваа предност на превентивните, заштитните и воспитните мерки. Но, поради промена на казненото законодавство, а особено поради донесувањето на новиот Закон за кривична постапка,[42] Законот за малолетничка правда во 2013 година доби свој легитимен правен следбеник – Закон за правда за децата[43] во кој се имплементирани и новите законски решенија што се предвидени во постапката против полнолетни сторители на кривични дела, а приспособени на законодавството за деца.

Постапката за медијација е уредена со одредбите на Законот за правда за децата, но овој закон упатува и на одредбите од Законот за медијација.[44]

Во законот на експлицитен начин се опфатени условите под кои може да биде спроведена таа, начинот на определување медијатор, условите што треба да бидат исполнети за да може едно лице да се јави во улога на медијатор во постапката кон дете, понатаму траењето на постапката на медијација, нејзиниот тек и начините на кои може да заврши постапката за медијација.

Медијацијата може да се спроведе по пријава за кривично дело за кое е предвидена казна затвор до пет години, при што надлежниот јавен обвинител, по претходно информирање и писмена согласност на детето и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот, може да ги упати страните на постапка за медијација. Мораме да нагласиме дека во Законот за правда за децата е предвидено дека упатувањето на медијацијата е исклучено за дејства што со закон се предвидени како кривични дела против половиот морал и половата слобода и родово засновани облици на насилство врз женски лица, решение што е предвидено во ратификуваните меѓународни договори од оваа област.

Доколку јавниот обвинител не ги упати странките и почне судската постапка, тогаш до завршување на главниот претрес, надлежниот суд за деца може од причини на целесообразност, а по претходна писмена согласност на детето и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот, со решение да ја прекине постапката и да ги упати страните на постапка на медијација.[45]

38 Roiati, A. (2003). Diritto penale minimo e mediazione penale, in Riv. Pen, стр. 1049.
39 Kambovski, Vlado and Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Arifi, Besa and Saiti, Dzemali (2018). Коментар на Законот за правда за децата со практикум. Коментар на Законот за правда за децата со практикум, 1 (1). Совет за превентива против малолетничка деликвенција, Скопје.
40 Бужаровска-Лажетиќ, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2012). Медијацијата во системот на малолетничка правда, СППМД, Кавадарци, стр. 14.
41 Закон за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија“, бр. 87 од 12 јули 2007), закон надвор од сила.
42 Закон за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија“, бр. 156 од 15 септември 2010 година).
43 Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“, бр. 148/2013).
44 Закон за медијација („Службен весник на РМ“, бр. 138 од 17.11.2009 година – пречистен текст).
45 Член 79 став 2 од ЗПД.

Услов за почеток на постапката е писмена согласност од инволвираните страни – детето и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот. Согласноста за медијација се дава во писмена форма до јавниот обвинител или до судот за деца во рок од три дена од денот кога е предложено поведување постапка на медијација. Доколку се постигне потребната согласност, тогаш страните преминуваат на спогодбено определување на медијатор од листата на медијатори во надлежниот суд за деца.[46] Рокот за постигнување на ова решение е три дена од доставената писмена согласност. За постигнатиот избор тие го известуваат јавниот обвинител, односно судот за деца.[47]

Пред почетокот на постапката за медијација, медијаторот е должен да ги запознае страните со принципите, правилата и трошоците на постапката. Принципи на медијацијата се доброволност, неутралност и непристрасност, доверливост, јавност во медијацијата, еднаквост на страните, достапност на информациите за медијација, ефикасност и правичност. Во спроведувањето на постапката за медијација, медијаторот задолжително ги почитува принципите на медијацијата, земајќи ги предвид сите околности на предметот, интересите на страните и потребата за брзо и трајно решавање на предметот. Постои само една основа за запирање на постапката за медијација, а тоа е кога медијаторот ќе оцени дека постигнатата спогодба е незаконска или неподобна за извршување.[48]

Постапката на медијација мора да заврши во предвидениот рок. Рокот за завршување на постапката за медијација изнесува 45 дена од денот на доставувањето на писмената согласност до надлежниот орган. Во случаите кога согласноста нема да биде постигната во овој рок предметот се враќа кај јавниот обвинител, односно судската постапка продолжува таму каде што е запрена. *Постапката за медијација завршува на некој од следниве начини:*

- со потпишување на писмена спогодба од страна на медијаторот и страните за постигнатата согласност за надоместок на материјалната штета и моралната сатисфакција;
- со писмена изјава на медијаторот, по извршените консултации со странките дека не се оправдани понатамошни обиди за медијација, на денот на поднесувањето на изјавата; и
- со истекот на рокот предвиден за завршување на постапката за медијација.

46 Медијатор може да биде адвокат, дипломиран правник-специјалист, социјален работник, педагог, психолог или лице од друга професија кое завршило обука за медијатор за деца и кое ги исполнува следниве услови: да има завршено високо образование VII/1 или стекнати 300 кредити според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС); да има најмалку пет години работно искуство во работење со деца; да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност за времето додека трае таа; да има сертификат издаден или признаен од Министерството за правда за завршена обука според Програмата за обука на медијатори и да биде запишан во Именикот на медијатори. Во случај страните да не можат да се спогодат, јавниот обвинител, односно судот е должен да определи медијатор од листата на медијатори во надлежниот суд за деца во рок од три дена и да ги извести страните.

47 Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска О. (2015). Казнената постапка кон деца во ризик во судир со законот, Правен факултет „Јустинијан Први", УКИМ, стр. 225-240.

48 Buzarovska-Lazetik, G., Nanev, L, Kosevaliska, O. (2016). Op. cit., pp. 1-24.

# ВТОР ДЕЛ:

# КВАНТИТАТИВНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПРИМЕНА НА МЕДИЈАЦИЈАТА



# МЕДИЈАЦИЈА ВО ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ

Во истражувањето се анализирани примарни податоци добиени од прашалници спроведени во основните судови во РСМ. Вкупниот број на одговорени прашалници изнесува 96. Истражувањето вклучува судии кои работат во граѓански предмети, и тоа од сите основни судови: Кочани, Штип, Радовиш, Охрид, Ресен, Кичево, Прилеп, Велес, Струмица, Струга, Кавадарци, Неготино, Гостивар, Берово, Крива Паланка, Свети Николе, Тетово, Делчево, Кратово, Дебар, Виница, Битола, Гевгелија, Скопје, Крушево и Куманово.

На прашањето **Дали судиите сметаат дека воведувањето на задолжителен обид за постапката за медијација во случаите согласно член 461 од ЗПП (за стопански спорови што се однесуваат на парично побарување до 1.000.000 денари) дава позитивни резултати**, 27% од испитаните судии сметаат дека воведувањето на задолжителен обид за постапката за медијација не би дала позитивни резултати, 25% од испитаните судии сметаат дека дава позитивни резултати, а 30% дале одговор „не знам“.




РЕЗУЛТАТИ ОД ВОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОБИД ЗА МЕДИЈАЦИЈА ВО СТОПАНСКИТЕ СПОРОВИ

На прашањето **Дали сметате дека законскиот максимум за стопански спорови што се однесуваат на парично побарување до 1.000.000 денари, за задолжителен обид за медијација, треба да се зголеми**, 32% од испитаните судии сметаат дека не би требало да се измени законски предвидениот максимум во стопански спорови за задолжителен обид за медијација, 19% дале одговор не знам, а 15% од судиите не сметаат дека би требало да се изврши законска измена, затоа што таквата одредба не се применува. Воедно, има и дополнителен одговор согласно кој еден судија смета *дека треба да се зголеми законскиот максимум затоа што на таков начин стопанството ќе добие можност да го реши спорот со медијација без нарушени деловни односи*.




СЛЕДЕЊЕ НА СУДИИТЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИОТ МАКСИМУМ КАЈ СТОПАНСКИТЕ СПОРОВИ

На прашањето **Во колкав број случаи судиите им укажале на странките за можноста за постапка за медијација во последните пет години**, 30% од испитаните судии ниту еднаш не им укажале на странките за можноста, 30% од судиите имале над 40 случаи кога им укажале на странките на постапката за медијација, а 25% од судиите имале од 1 до 20 случаи кога им укажале на странките за можноста за медијација.

УКАЖУВАЊЕ ЗА МЕДИЈАЦИЈА ОД СТРАНА НА СУДИИТЕ




Ова прашање го споредивме со резултатите добиени од анализата „Перцепција на Јавната администрација и приватниот сектор за медијацијата како начин на решавање на споровите“,[49] каде што на прашањето **Дали вашата институција доби писмено укажување од судијата дека спорот можете да го решавате по пат на медијација?**, 60% од институциите[50] одговориле дека кажале оти нивната институција добила писмено укажување за решавање спор по пат на медијација, додека 40% не добиле укажување.

На барањето да се наведе **ориентациски број случаи кога странките од судиите побарале информации и совети за медијација**, според 76% од испитаните судии, ниту еднаш страните не побарале информација или совет во врска со медијацијата, а 18% од испитаните судии имале од 1 до 10 случаи кога страните побарале информација и совет за медијацијата.

БАРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕДИЈАЦИЈАТА ОД СУДИИТЕ




Во врска со лоцирање на изворот на информации и совети во врска со медијацијата, направивме споредба со анализата „Перцепција на Јавната администрација и приватниот сектор за медијацијата како начин на решавање на споровите“, каде што испитаниците имаат одговорено дека стручен правен совет за користење медијација како постапка за решавање на спорот добиле 52% од институциите, додека 44% кажале дека не добиле. Од

49 Агенција Рејтинг (2021): Перцепција на Јавната администрација и приватниот сектор за медијацијата како начин на решавање на споровите, ЕПИ, Скопје, стр. 8 и 9, достапна на следниот линк https://epi.org.mk/post/18108 (последен пристап декември 2021).

50 Како институции што се анкетирани во анализата „Перцепција на Јавната администрација и приватниот сектор за медијацијата како начин на решавање на споровите“ (2021) се: во општините се спроведени 29,8% анкети, по нив следуваат органите со состав на министерства (16,1%), па министерствата со 13,8% и јавните институции на државно ниво (11,9%), јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост.

испитаниците кои одговориле дека добиле информација за стручен правен совет за употреба на медијација, во 100% од случаите кажале дека тоа било од адвокат, понатаму во 69% од случаите кажале дека е од правник, додека 12% добиле од друго лице – односно од Владата на РСМ. Мислењето на 47% од испитаниците е дека недостатокот на мотивација е клучно зошто институцијата не добила стручен совет од страна на адвокат/правник или некое друго лице. Само 18% од испитаниците сметаат дека е поради тоа што лицето немало сознание за медијација, а 16% кажале дека е поради тоа што лицето имало негативен став за медијација.[51]

Следниот графички приказ се однесува на **ставот на судиите за воведување задолжителна обврска за медијација, односно обврска на судијата за секој случај што може да биде медијабилен (облигациски, семејни, работни, трговски, потрошувачки, осигурителни спорови, спорови од областа на образованието, спорови за заштита на животната средина, спорови во врска со дискриминацијата, во кривичните предмети за полнолетни и за деца, како и во други спорни односи каде што медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно разрешување), да им укаже на страните за можноста спорот да се реши со медијација**. 39% од испитаните судии се согласуваат дека би било корисно постоењето на задолжителна обврска за медијација, односно обврска на судијата за секој случај што може да биде медијабилен, да им укаже на страните за можноста спорот да се реши со медијација. 24% од испитаните судии сметаат дека не е корисно да постои задолжителна обврска за медијација.




На барањето да се **наведе процентот од случаите кога судиите укажале на постапка за медијација и таа била успешна и завршила со спогодба**, во ситуација кога имало можност да се укаже на постапка за медијација, според 73% од испитаните судии ниту една од постапките не била успешна.




51 Ibid., на стр. 8 и 9.

На прашањето **Кој во најголем број случаи не бил согласен со даденото укажување за спроведување постапка за медијација**, како што е прикажано во графиконот, во најголем број случаи туженот не бил согласен со даденото укажување за спроведување постапка за медијација (37%), во 37% од случаите тужителот не бил согласен, а во 25% од случаите полномошникот не бил согласен со даденото укажување за спроведување постапка за медијација. Исто така, има издвоено мислење дека *кај странките е постигнат начелен договор и без медијатор склучуваат порамнување или вонсудски се спогодуваат.*

СТРАНКА КОЈА НЕ Е СОГЛАСНА ЗА МЕДИЈАЦИЈА




На прашањето **Во колку случаи страните не доставиле писмена согласност за постапка за медијација во пропишаниот рок**, дури кај 69% од испитаните судии во ниту еден случај страните не доставиле писмена согласност за постапка за медијација во пропишаниот рок. 15% од судиите имале од 1 до 10 случаи кога страните не ја доставиле писмената согласност во пропишаниот рок. И ова ни дава сериозен сигнал за зголемена примена на медијацијата што е наведена како стратешка насока во Стратегијата за правосудниот сектор од 2017 до 2021 година.

БРОЈ НА СЛУЧАИ КОГА СТРАНКИТЕ НЕ ДОСТАВИЛЕ ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА




На прашањето **Во колку случаи постапката за медијација завршила со потпишување спогодба**, кај 74% од испитаните судии ниеднаш не завршила постапката за медијација со потпишување спогодба. 14% од судиите имале од 1 до 10 случаи кога постапката за медијација завршила со потпишување спогодба.




БРОЈ НА СЛУЧАИ ВО КОИ ПОСТАПКАТА ЗА МЕДИЈАЦИЈА ЗАВРШИЛА СО ПОТПИШУВАЊЕ СПОГОДБА

На прашањето **Која од наведените е најчеста причина поради која постапката за медијација не завршува со потпишување на писмена согласност**, како главна причина поради која постапката за медијација не завршува со потпишување на писмена согласност помеѓу судиите е откажувањето на страните во текот на постапката за медијација (26%), 24% од испитаните судии како причина ја наведуваат писмената изјава на медијаторот по извршените консултации со страните дека не се оправдани понатамошни обиди за медијација, а 26% причината ја гледаат во истекот на рокот од 45 дена.




ПРИЧИНИ ЗА НЕУСПЕШНОСТ НА МЕДИЈАЦИЈАТА СПОРЕД ГРАЃАНСКИТЕ СУДИИ

На прашањето **Во колку случаи сте оцениле дека потпишаната спогодба е неприфатлива**, во 85% од случаите судиите ниеднаш не оцениле дека потпишаната спогодба е неприфатлива.




НЕПРИФАТЛИВА СПОГОДБА

На прашањето **Дали сметате дека предлогот, еден судски предмет во основните судови, упатен и успешно решен во медијација, да се засметува како два решени предмета на судија, би можело да влијае позитивно на поголема промоција и примена на медијацијата**, 32% од испитаните судии не се согласуваат дека би можело да влијае позитивно на поголема промоција и примена на медијацијата, 26% од испитаните судии се согласуваат дека на тој начин може да се влијае за поголема промоција и примена на медијацијата. Како друго, судиите навеле медијацијата да се смета како еден решен предмет; странките не се заинтересирани за медијацијата, па судот нема влијание; упатување на медијација не значи и спогодување; нема медијација ако нема желба кај странките.

МИСЛЕЊЕ НА СУДИИТЕ ЗА ПРЕДЛОГОТ ЕДНА УСПЕШНА МЕДИЈАЦИЈА ДА СЕ БРОИ КАКО ДВА РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ




На прашањето **Дали сметате дека предвидувањето на задолжителен обид за решавање на споровите по пат на медијација кога банки/финансиски друштва/осигурителни компании се јавуваат како страна во спорот би можело позитивно да влијае на поголема примена на медијацијата**, 55% од испитаните судии сметаат дека предвидувањето на задолжителен обид за решавање на споровите по пат на медијација кога банки/финансиски друштва/осигурителни компании се јавуваат како страна во спорот би можело позитивно да влијае на поголема примена на медијацијата, 10% не се согласуваат.

ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОБИД ЗА МЕДИЈАЦИЈА КОГА БАНКИ/ ФИНАНСИСКИ ДРУШТВА/ ОСИГУРИТЕЛНИ КОМПАНИИ СЕ СТРАНА НА СПОРОТ




На прашањето **Дали сметате дека предвидувањето на задолжителен обид за медијација во осигурителните спорови за кои по член 5 од ЗЗОС е предвидено задолжително поднесување на барање до осигурителната компанија пред поднесување тужба до надлежниот суд, би можело позитивно да влијае на поголема примена на медијацијата**, од испитаните судии 45% се согласуваат дека предвидувањето на задолжителен обид за медијација во осигурителните спорови за кои по член 5 од ЗЗОС е предвидено задолжително поднесување на барање до осигурителната компанија пред поднесување тужба до надлежниот суд би можело позитивно да влијае на поголема примена на медијацијата, 22% се убедени дека на тој начин медијацијата ќе има поголема примена, 13% не се согласуваат со предвидувањето на задолжителен обид во осигурителните спорови. Сосема различно е мислењето на бизнис-секторот по ова прашање.[52]

52 За ставовите на бизнис-заедницата по овие прашања, види го поглавјето за резултати од анализата на одговори дадени од фокус-групата со претставници од стопанските комори, составен дел од оваа анализа.

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОБИД ЗА МЕДИЈАЦИЈА ВО ОСИГУРИТЕЛНИТЕ ПРЕДМЕТИ




На прашањето **Дали сметате дека предвидувањето на задолжителен обид за медијација во случаите со предлог за спогодбен развод на брак би имало позитивни резултати**, 41% од испитаните судии се согласуваат дека задолжителниот обид за медијација во случаи со предлог за спогодбен развод на брак би било корисно, 27% од испитаните судии не се согласуваат дека би било корисно.

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОБИД ЗА МЕДИЈАЦИЈА КАЈ СПОГОДБЕНИОТ РАЗВОД




На прашањето **Во која постапка задолжителниот обид за медијација би дал позитивни резултати**, 37% од судиите сметаат медијацијата ќе има најмногу позитивни резултати во постапката по платен налог, 30% од судиите сметаат дека во работните спорови медијацијата ќе придонесе кон постигнување на позитивни резултати, 28% од испитаните судии сметаат дека медијацијата ќе даде позитивен резултат во постапката приговор по платен налог. Под други, судиите предложиле да постои задолжителен обид за медијација и во случаите за надоместок на штета, сопственичките предмети, но има и одговори согласно кои медијацијата не треба да биде предвидена.

ПОСТАПКИ ВО КОИ ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ОБИД ЗА МЕДИЈАЦИЈА БИ ДАЛ ПОЗИТИВНИ РЕЗУЛТАТИ



Во овој дел би направиле споредба со предлозите од Јавната администрација и приватниот сектор, а во врска со ново законско решение за задолжителен обид за медијација. Резултатите за оваа споредба се преземени од истражувањето „Перцепција на Јавната администрација и приватниот сектор за медијацијата како начин на решавање на споровите". Имено, најголем број од анкетираните институции рекле дека за работни спорови (71%) треба да постои законско решение за задолжителен обид за медијација пред поведување на судска постапка за работни спорови, 65% сметаат дека треба да постои законско решение за спорови од мала вредност (до 600.000 денари).[53]

На прашањето **Дали сте запознаени со заклучокот донесен од Владата од јули 2019 година со кој им се препорачува на државните органи, институциите, јавните претпријатија во државна сопственост и ЕЛС пред да почнат постапка на суд да направат обид да ги решат споровите по пат на медијација**, половина од испитаните судии (54%) се запознаени со заклучокот донесен од Владата од јули 2019 година со кој им се препорачува на државните органи, институциите, јавните претпријатија во државна сопственост и ЕЛС пред да почнат постапка на суд да направат обид да ги решат споровите по пат на медијација.

ИНФОРМИРАНОСТ НА СУДИИТЕ СО ЗАКЛУЧОКОТ НА ВЛАДАТА ОД 2019 ГОДИНА




На прашањето **Дали сметате дека, во случаите кога како странка во постапката се јавува државна институција**, треба да се предвиди задолжителен обид за медијација (во контекст на заклучокот на Владата на РСМ од јули 2019 година), поголем дел (49%) се согласиле дека во постапката каде што како странка се јавува државна институција треба да се предвиди задолжителен обид за медијација, додека 11% не се согласуваат, а 21% од судиите сметаат дека на тој начин медијацијата ќе има поголема примена.

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОБИД ЗА МЕДИЈАЦИЈА КОГА КАКО СТРАНКА СЕ ЈАВУВА ДРЖАВНА ИНСТИТУЦИЈА




53 Види Агенција Рејтинг (2021): Перцепција на Јавната администрација и приватниот сектор за медијацијата како начин на решавање на споровите, ЕПИ, Скопје, стр. 21, достапна на следниот линк https://epi.org.mk/post/18108 (последен пристап декември 2021).

На прашањето **Во колкав степен сте информиран со активностите на Владата за промоција на медијацијата (согласно член 27 од Законот за медијација Владата на РСМ донесува четиригодишна програма за развој на медијацијата, во која се определуваат мерки и средства со кои се обезбедува поддршка на медијацијата**), во врска со активностите на Владата за промоција на медијацијата, 48% од испитаните судии малку се информирани, 26% не се информирани, додека, пак, 17% значително се информирани.[54]




На прашањето **Во колкав степен сте информиран со активностите за донесување на посебни програми за поддршка на медијацијата од страна на Судскиот совет на Република Македонија и Врховниот суд на Република Македонија согласно член 27 од Законот за медијација**, 49% од испитаните судии малку се информирани со активностите за донесување на посебни програми за поддршка на медијацијата од страна на Судскиот совет на Република Македонија и Врховниот суд на Република Македонија, 25% не се информирани и 15% значително се информирани.

Во врска со посебните програми за поддршка на медијацијата од страна на Судскиот совет и Врховниот суд, генерален заклучок за сите судии е дека не се информирани за овие програми. 39% од судиите кои судат кривични предмети против полнолетни не се информирани, 35% од судиите во постапката кон деца не се информирани и конечно 49% од судиите во граѓански предмети се малку информирани, односно 25% воопшто не се информирани, и покрај тоа што е предвидено овие програми да бидат достапни на секој судија.




54 Во врска со информираноста на јавната администрација и приватниот сектор, за Заклучокот на Владата на РСМ за промоција на медијацијата, види ја анализата Агенција Рејтинг (2021): Перцепција на Јавната администрација и приватниот сектор за медијацијата како начин на решавање на споровите, ЕПИ, Скопје, стр. 12 и 13, достапна на следниот линк https://epi.org.mk/post/18108 (последен пристап декември 2021).

На прашањето **Во колкав степен сте информиран со можноста за субвенционирање на дел од трошоците во постапката за медијација од страна на Министерството за правда (член 28 од Законот за медијација) со цел промоција на медијацијата**, 38% од испитаните судии не се запознаени со можноста за субвенционирање на дел од трошоците во постапката за медијација од страна на Министерството за правда, 36% малку се информирани и 14% од судиите значително се информирани. Под друго, има одговори дека ова субвенционирање е неприфатливо.

ИНФОРМИРАНОСТ НА СУДИИТЕ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА МЕДИЈАЦИЈА




На прашањето **Дали во последните пет години сте следеле обука за медијација**, 63% од испитаните судии во последните пет години немаат следено обука за медијација, само 32% од судиите имаат следено обука.

ОБУКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА НА ГРАЃАНСКИТЕ СУДИИ




На прашањето **Дали би следеле обука за медијација доколку имате можност**, 76% од испитаните судии по граѓански предмети би следеле обука за медијација доколку би имале можност, 18% од испитаните судии не се заинтересирани за следење обука.

ИНТЕРЕС ЗА ОБУКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА



На прашањето **Во колкав степен сте информиран за работата на Комората на медијатори**, поголем дел од судиите (55%) не се запознаени со работата на Комората за медијација, 42% малку се запознаени, а само 2% многу се информирани.




На прашањето **Која е причината за слабата застапеност на медијацијата, според судиите во граѓанските предмети**, трите причини поради кои не се поведува постапка за медијација се незаинтересираноста кај страните (36%), страните не се доволно запознаени со медијацијата (24%), не постои доволна промоција на предностите на медијацијата во јавноста (15%).




На прашањето **Врз основа на вашето искуство, кое од следниве мислења или ставови преовладува**, најчести ставови што преовладуваат помеѓу судиите кои судат во граѓански предмети во поглед на медијацијата се дека медијацијата е корисен механизам и вистинска постапка за решавање спор (31%), како и дека медијацијата е добар обид на државата без значајни постигнувања досега (30%). 16% сметаат дека медијацијата не е доволно осмислен проект.



На барањето **да се наведат негативните страни на медијацијата** според судиите кои судат во граѓански предмети, судиите најмногу ги издвојуваат: недовербата на страните во медијацијата, недоволната законска осмисленост на постапката за медијација и медијаторите немаат авторитет кај граѓаните. Така, 31% од испитаниците сметаат дека странките немаат доверба во медијацијата, 17% од судиите испитаници сметаат дека медијацијата не е доволно добро законски осмислена, 9% од судиите сметаат дека медијаторите немаат авторитет кај граѓаните.

Тука би направиле споредба со истражувањето кај Јавната администрација и приватниот сектор,[55] каде што како негативни страни според мислењето на јавната администрација се истакнати: судирот меѓу страните ескалира премногу затоа што не постојат строги правила во постапката (58%), тоа што не е доволно добро законски осмислена (53%) и тоа што страните немаат доверба во медијацијата – пристапуваат формално (51%). Генерален став на испитаниците од Јавната администрација е дека медијацијата е корисен механизам или вистинска постапка за решавање спор – со ова се согласни високи 62% од испитаниците, 19% сметат дека медијацијата е добар обид на државата без значајни постигнувања досега, 8% сметат дека медијацијата е недоволно осмислен проект, додека само 9% од испитаниците сметаат дека медијација не може да биде модел за решавање спор. Генерално земено, претставниците на јавниот сектор имаат позитивно мислење за медијацијата. Речиси шест од десет испитаници рекле дека нивното лично искуство за начинот на примена на медијацијата е позитивно, 57% се согласуваат со ставот дека медијацијата е најдоброто решение што значително може да го намали бројот на предмети во судовите за кратко време. Но, исто така, повеќе од половина од испитаниците (55%) сметат дека е потребна поголема промоција во јавноста за предностите на медијацијата. Неутрално е мислењето на испитаниците за ставот дека медијацијата кај нас ќе биде однапред неуспешен експеримент што ни го наметнуваат западните држави.[56]

НЕГАТИВНИ СТРАНИ НА МЕДИЈАЦИЈАТА




55 За повеќе види го истражувањето Агенција Рејтинг (2021): Перцепција на Јавната администрација и приватниот сектор за медијацијата како начин на решавање на споровите, ЕПИ, Скопје, стр. 15-17, достапна на следниот линк https://epi.org.mk/post/18108 (последен пристап декември 2021).

56 Ibid.

Во однос на предлозите што судиите кои судат во граѓански предмети ги даваат за подобрување на примената на медијацијата, како најчесто наведени ги издвојуваме следниве:

- промоција на предностите на постапката за медијација,
- воспоставување на поповолни услови во однос на судската постапка,
- одржување семинари и работни средби за укажување на недостатоците,
- медијацијата да се спроведува во судот во присуство на медијатор и судија со искуство во тој вид предмет, за да им укаже на странките кои се шансите за успех, судска практика, трошоци и сл.,
- помали трошоци и поголема доверба кај странките,
- медијаторите да ги познаваат законите, да се поотворени за јавноста и да не се водат од лични интереси,
- подобри законски решенија,
- да се избираат медијатори со квалитативни способности не само по однос на познавање закон туку и со моќ за комуникација со секакви странки,
- медијацијата да ја спроведува судија во улога на медијатор (како во САД),
- повеќе обуки на медијаторите,
- намалени трошоци во медијацијата, да се одобри бесплатна правна помош,
- вклучување судии со поголемо работно искуство, вклучување судии-пензионери заради стекнување доверба кај граѓаните,
- промоција на медијацијата преку јавни трибини, вклучувајќи ја јавноста,
- едукација на странките за медијација.

# МЕДИЈАЦИЈА ВО КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ

Во истражувањето се анализирани податоци добиени од прашалници спроведени во основните судови во РСМ. Вкупниот број на одговорени прашалници изнесува 72. Истражувањето вклучува судии кои работат на кривични предмети, и тоа во сите основни судови во РСМ: Кочани, Штип, Радовиш, Охрид, Ресен, Кичево, Прилеп, Велес, Струмица, Струга, Кавадарци, Неготино, Гостивар, Берово, Крива Паланка, Свети Николе, Тетово, Делчево, Кратово, Дебар, Виница, Битола, Гевгелија, Скопје, Крушево и Куманово. При собирањето податоци е напоменато дека податоците треба да се однесуваат на случаите каде што страните се упатени на медијација, а не кога судијата успеал да ги помири на рочиште за мирење.

На прашањето **Дали сметате дека постапката за медијација кај приватната тужба дава позитивни резултати**, 56% од испитаните судии сметаат дека медијацијата кај приватната тужба не дава позитивни резултати, само 13% од испитаните судии сметаат дека постапката за медијација кај приватната тужба би дала позитивни резултати.

ДАЛИ СМЕТАТЕ ДЕКА ПОСТАПКАТА ЗА МЕДИЈАЦИЈА КАЈ ПРИВАТНАТА ТУЖБА ДАВА ПОЗИТИВНИ РЕЗУЛТАТИ?




На прашањето **Во колкав број случаи (ориентациски) судиите ја примениле постапката за медијација во последните пет години**, дојдовме до резултати согласно кои во последните пет години 75% од испитаните судии ниту еднаш не ја примениле постапката за медијација, 18% од судиите во случаи од 1 до 20 ја примениле постапката за медијација, а само 3% е бројот на оние што ја примениле медијацијата од 20 до 40 пати. Секако, ова не оди во прилог на стратешката насока за поголема примена на медијацијата согласно Стратегијата во правосудниот сектор 2017-2021 година.

ОРИЕНТАЦИСКИ БРОЈ НА СЛУЧАИ КОГА СУДИИТЕ ЈА ПРИМЕНИЛЕ ПОСТАПКАТА ЗА МЕДИЈАЦИЈА ВО ПОСЛЕДНИТЕ ПЕТ ГОДИНИ



На барањето **Наведете во колкав процент од случаите каде што сте укажале на постапка за медијација биле успешни и завршиле со спогодба**, дури 75% од испитаните судии одговориле дека во ниту еден случај кога укажале на постапка за медијација, таа не била успешна и не завршила со спогодба, а само во 7% од испитаните судии одговориле дека до 25% од случаите кога укажале на можноста за медијација таа била успешна.




СЛУЧАИ КАДЕ ШТО ПО УКАЖУВАЊЕТО НА ПОСТАПКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА ТАА ЗАВРШИЛА УСПЕШНО СО СПОГОДБА

На барањето **Наведете ориентациски број случаи кога странките побарале информации и совети за медијација од судиите**, 89% од испитаните судии навеле дека ниту еднаш странките од нив не побарале информации и совети за медијацијата, 10% од судиите имале од 1 до 10 случаи, каде што странките побарале од нив информации и совети за медијацијата.




ОРИЕНТАЦИСКИ БРОЈ НА СЛУЧАИ КОГА СТРАНКИТЕ ОД СУДИИТЕ ПОБАРАЛЕ ИНФОРМАЦИИ И СОВЕТИ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

На прашањето **Кој во најголем број случаи не бил согласен со даденото укажување за спроведување постапка за медијација**, судиите навеле дека во најголем број од случаите оштетениот не бил согласен за спроведување постапка за медијација (40%), а според 29% од испитаните судии, осомничениот е наведен дека најчесто не се согласува со спроведувањето на постапката за медијација.




СТРАНКА КОЈА НЕ Е СОГЛАСНА ЗА МЕДИЈАЦИЈА

На прашањето **Во колку случаи постапката за медијација завршила со потпишување спогодба**, 81% од испитаните судии одговориле дека постапката за медијација ниеднаш не завршила со потпишување спогодба, 8% од судиите имале од 1 до 10 случаи кога постапката завршила со потпишување спогодба.

БРОЈ НА СЛУЧАИ ВО КОИ ПОСТАПКАТА ЗА МЕДИЈАЦИЈА ЗАВРШИЛА СО ПОТПИШУВАЊЕ СПОГОДБА




На прашањето **Во колкав степен сте информиран со активностите за донесување на посебни програми за поддршка на медијацијата од страна на Судскиот совет на Република Македонија и Врховниот суд на Република Македонија согласно член 27 од Законот за медијација**, 39% од испитаните судии малку се информирани, односно 39% од испитаните судии не се информирани, 11% од испитаните судии значително се информирани.

ИНФОРМИРАНОСТ НА СУДИИТЕ ЗА ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ ЗА ПОДДРШКА НА МЕДИЈАЦИЈАТА




Високата бројка на неинформираност алармира на недоволна промоција на посебната Програма за поддршка на медијацијата што Судскиот совет ја има донесено во 2017 година,[57] како и на Посебната програма за поддршка на медијацијата донесена од Врховниот суд во 2018 година.[58] Имено, согласно Програмата за поддршка на медијацијата од Судскиот совет, претседателите на судовите имаат обврска да ја достават Програмата до секој судија и да обезбедат услови за имплементација на програмата во работењето на судовите. Уште повеќе како цел на двете програми за поддршка е предвидено *обезбедување услови за позитивна клима за промоција, практикување и развој на медијацијата во РСМ од страна на судиите при постапувањето во судските предмети, како и обезбедување на континуирана едукација за судиите преку организирање семинари на тема медијација преку Академијата за судии и јавни обвинители и други релевантни организации, но и од судии од Врховниот суд.*

57 Програмата е достапна на следниот линк http://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-za-poddrska-na-medijacijata.pdf (последен пристап 30.11.2021).

58 Целосната содржина на Програмата е достапна на линкот http://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-medijacija.pdf (последен пристап на 30.11.2021).

На прашањето **Во колкав степен сте информиран со можноста за субвенционирање на дел од трошоците во постапката за медијација од страна на Министерството за правда (член 28 од Законот за медијација) со цел промоција на медијацијата**, 42% од испитаните судии не се информирани со можноста за субвенционирање на дел од трошоците во постапката за медијација од страна на Министерството за правда, 38% малку се информирани, а 11% значително се информирани.




ИНФОРМИРАНОСТ НА СУДИИТЕ ЗА МОЖНОСТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА МЕДИЈАЦИЈА

На прашањето **Дали во последните пет години сте следеле обука за медијација**, 82% од испитаните судии не следеле обука во последните пет години, а само 17% од испитаните следеле обука за медијација, што укажува на уште една системска слабост за вистинска афирмација и примена на постапката за медијација.




ОБУКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА НА СУДИИТЕ

На прашањето **Дали би следеле обука за медијација доколку имате можност**, дури 81% од испитаните би сакале да следат обука за медијација, што го одразува позитивниот став на судиите подобро да се запознаат со предностите на медијацијата.




ДАЛИ БИ СЛЕДЕЛЕ ОБУКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА

На прашањето **Во колкав степен сте информиран за работата на Комората на медијатори**, 61% од судиите не се информирани за работата на Комората на медијатори, 35% малку се информирани, а 4% многу се информирани.

ИНФОРМИРАНОСТ НА СУДИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА КОМОРАТА ЗА МЕДИЈАТОРИ




На прашањето К**ој е вашиот став за постоење на задолжителен обид за медијација, односно обврска на судијата при приватната тужба во секој случај да ги запознава страните со можноста спорот да се реши со медијација**, 44% од судиите се согласуваат со постоењето на задолжителен обид за медијација, односно обврска на судијата при приватната тужба во секој случај да ги запознава страните со можноста спорот да се реши со медијација, 22% од испитаниците се убедени дека на тој начин медијацијата ќе има поголема примена, а 18% од судиите не се согласуваат.

СТАВ НА СУДИИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОБИД ЗА МЕДИЈАЦИЈА КАЈ ПРЕДМЕТИТЕ ПО ПРИВАТНИ КРИВИЧНИ ТУЖБИ




На прашањето за лоцирање на **причината за слабата застапеност на медијацијата во нашата судска практика**, според ставот на судиите како најчести три причини за слабата застапеност на медијацијата во судската практика се: немањето интерес кај странките, страните не се доволно запознаени со медијацијата, нема доволна промоција на предностите на медијацијата во јавноста. Така, 41% од судиите сметаат дека нема интерес кај странките, 20% сметаат дека страните не се доволно запознаени, а 14% сметаат дека нема доволна промоција на предностите на медијацијата во јавноста.




ПРИЧИНИ ЗА СЛАБА ЗАСТАПЕНОСТ НА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО СУДСКАТА ПРАКТИКА

На прашањето **Врз основа на вашето искуство, кое од следниве мислења или ставови преовладува**, најчести ставови што преовладуваат помеѓу судиите во однос на медијацијата се: медијацијата е корисен механизам во кривичните предмети (32%), медијацијата е добар механизам без значајни достигнувања (19%), медијацијата е корисен механизам во постапката кон деца за кривични дела за кои е пропишана казна затвор до пет години (18%).




СТАВОВИ НА СУДИИТЕ ЗА МЕДИЈАЦИЈАТА

За ставот на судиите во врска со тоа кои се **негативните страни на медијацијата**, судиите како најчести негативни страни на постапката за медијација ги издвојуваат: страните немаат доверба во медијацијата, медијацијата не е доволно добро законски осмислена, медијаторите немаат авторитет кај граѓаните, медијацијата е затворена за јавноста. Така што, 27% од испитаните судии сметаат дека страните немаат доверба во медијацијата, 14% сметаат дека не е доволно добро законски осмислена, а 12% сметаат дека е затворена за јавноста и дека медијаторите немаат авторитет кај граѓаните.




НЕГАТИВНИ СТРАНИ НА МЕДИЈАЦИЈАТА СПОРЕД КРИВИЧНИТЕ СУДИИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ

Во контекст на ова следува и сумарен приказ на препораките од судиите кои постапуваат во кривични предмети, а во насока на подобрување на примената на медијацијата. Па, во оваа смисла, судиите предлагаат:

- Поголема промоција на предностите на постапката за медијација;
- Кај приватните тужби, по прием во судот, задолжително да се достават до овластен медијатор, а во судот да се враќаат по спроведена постапка, односно по направен обид за медијација или доказ дека медијацијата е неуспешна;
- Постапката за медијација да биде подостапна и подобро да се осмисли;
- Медијаторите да бидат поотворени за јавноста, да ги познаваат законите за да можат успешно да им помогнат на странките и да не бидат водени од лични интереси;
- Законски измени, кампања за јавна дебата пред да се почне какви било законски измени, кампања за афирмирање на медијацијата како постапка, преку афирмирање на позитивните страни на медијацијата, во тимовите за измена на законите да биде слушнат ставот на практичарите, оние што се соочуваат со секојдневните проблеми;– Поголема транспарентност преку запознавање со медиумска поткрепеност;– Едукација на адвокатите да ги советуваат странките за постапка за медијација.

Освен предлозите од судиите кои одат во насока на унапредување на законските решенија за медијација, како и кон подобрување на климата во која се развива медијацијата, има и „осамени" предлози согласно кои е потребно или пожелно „да се укине медијацијата, затоа што најголем дел од постапките по приватни тужби завршуваат со откажување од тужба и задолжување на обвинетиот со трошоци по постапката и надоместок на материјална штета врз основа на согласноста меѓу странките пред почнување расправа".

# МЕДИЈАЦИЈА ВО КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ КОН ДЕЦА

Во истражувањето се анализирани примарни податоци добиени од прашалници спроведени во основните судови во РСМ што имаат проширена надлежност, односно стварна надлежност во постапката кон деца. Вкупниот број на одговорени прашалници изнесува 20. Истражувањето вклучува судии кои работат на кривични предмети кон деца, и тоа од следниве основни судови: Кочани, Штип, Охрид, Прилеп, Велес, Струмица, Струга, Кавадарци, Гостивар, Тетово, Битола, Гевгелија, Скопје и Куманово.

На барањето **за ориентациска бројка на предмети во кои судиите за деца ги упатиле страните на постапката за медијација во последните пет години**, 75% од испитаните судии никогаш не ги упатиле страните на постапка за медијација во последните пет години, 20% од испитаните имале случаи од 1 до 10 кога ги упатиле страните на постапка за медијација.




На прашањето **Дали сметате дека постапката за медијација во кривичните предмети кон деца може да даде позитивни резултати**, 45% од судиите сметаат дека постапката за медијација би дала позитивни резултати во кривичните предмети кон деца, 35% сметаат дека постапката за медијација нема да даде позитивни резултати, а 20% од судиите дале одговор „не знам“.



На прашањето **Во колкав број случаи, во кои сте сметале дека има основа страните да се упатат на медијација, детето и неговиот законски застапник, бранителот или оштетениот не биле согласни со дадениот предлог**, во 60% од случаите на испитаните судии детето и неговиот законски застапник, бранителот или оштетениот не биле согласни со предлогот да се упатат на медијација, 25% од испитаните судии имале од 1 до 10 случаи кога страните не биле согласни да бидат упатени на постапка за медијација.

НЕСОГЛАСНОСТ НА СТРАНКИТЕ ДА СЕ УПАТАТ НА МЕДИЈАЦИЈА




На прашањето **Кој во најголем број случаи не бил согласен со дадениот предлог од ваша страна за спроведување постапка за медијација**, судиите за деца истакнуваат дека во најголем број случаи не биле согласни со предлогот за спроведување постапка за медијација: оштетениот (23%), јавниот обвинител (20%), полномошникот, односно законскиот застапник на оштетениот кога и тој е дете (17%).

СТРАНКА КОЈА НЕ Е СОГЛАСНА ЗА ПОСТАПКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА




На прашањето **Во колку случаи страните не доставиле писмена согласност за постапка за медијација во пропишаниот рок од три дена**, според испитаните судии 75% од случаите страните ниеднаш не доставиле писмена согласност за постапка за медијација во пропишаниот рок, судиите имале од 1 до 10 случаи кога страните не доставиле писмена согласност во пропишаниот рок (15%).




НЕДОСТАВУВАЊЕ НА ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

На прашањето **Во колку случаи страните не доставиле писмена согласност за избор на медијатор во пропишаниот рок од три дена**, 60% од испитаните судии одговориле дека во ниеден случај страните не доставиле писмена согласност за избор на медијатор во пропишаниот рок од три дена, 20% од испитаните судии имале од 1 до 10 случаи кога страните не доставиле писмена согласност за избор на медијатор во пропишаниот рок, но 20% од судиите не дале некаков одговор на ова прашање.




НЕУСПЕШЕН ИЗБОР НА МЕДИЈАТОР

На прашањето **Во колку случаи постапката за медијација завршила со потпишување спогодба**, според 45% од испитаниците постапката ниту еднаш не завршила со потпишување спогодба, 30% од судиите имале од 1 до 10 случаи кога постапката за медијација не завршила со писмена спогодба, а во 25% од анализираните прашалници судиите не дале одговор на ова прашање.




УСПЕШНО ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

На прашањето **Која е најчестата причина поради која постапката за медијација не завршува со потпишување на писмена согласност,** половина од испитаните судии (50%) не дале одговор на наведеното прашање. 30% од испитаните судии како најчеста причина зошто медијацијата не завршува со потпишување на писмена согласност го навеле истекот на рокот од 45 дена, а според 20% од испитаниците најчеста причина е откажувањето на страните во текот на постапката за медијација.

ПРИЧИНИ ЗА НЕУСПЕШНОСТ НА МЕДИЈАЦИЈАТА




На прашањето **Во колку случаи сте оцениле дека потпишаната спогодба е неприфатлива**, 60% од судиите ниту еднаш не оцениле дека потпишаната спогодба е неприфатлива, 20% од судиите во 1 до 10 случаи оцениле дека потпишаната спогодба е неприфатлива.

НЕПРИФАТЛИВА СПОГОДБА




На прашањето **Во колкав степен сте информиран со активностите за донесување на посебни програми за поддршка на медијацијата од страна на Судскиот совет на Република Македонија и Врховниот суд на Република Македонија согласно член 27 од Законот за медијација**, 35% од испитаните не се информирани за активностите за донесување на посебни програми за поддршка на медијацијата од страна на Судскиот совет на Република Македонија и Врховниот суд на Република Македонија согласно член 27 од Законот за медијација, 30% малку се информирани, а 25% значително се информирани. Истата забелешка што ја дадовме за информираноста на судиите кои судат во кривичните постапки против полнолетни, важи и во случајот за судии кои судат во постапката кон деца. Високиот процент на неинформираност се должи на недоследната примена на стратешките цели што се предвидени и во двете програми за поддршка и непостапување по укажувањето дека Програмата за поддршка на медијацијата од Судскиот совет треба да биде доставена до претседателите на секој суд, кои потоа се задолжени да ја достават до секој судија.[59]

---

59 Види ги Програмите за поддршка на медијацијата од Судскиот совет на РСМ, достапни на линкот http://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-za-poddrska-na-medijacijata.pdf и Програмата за поддршка на медијацијата од Врховниот суд на РСМ, достапна на линкот http://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-medijacija.pdf.




ИНФОРМИРАНОСТ НА СУДИИТЕ ЗА ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ ЗА ПОДДРШКА НА МЕДИЈАЦИЈАТА

На прашањето **Во колкав степен сте информиран со можноста за субвенционирање на дел од трошоците во постапката за медијација од страна на Министерството за правда (член 28 од Законот за медијација) со цел промоција на медијацијата**, 40% од судиите се малку информирани со можноста за субвенционирање на дел од трошоците во постапката за медијација од страна на Министерството за правда (член 28 од Законот за медијација) со цел промоција на медијацијата, 35% не се информирани, а 10% значително се информирани.




ИНФОРМИРАНОСТ НА СУДИИТЕ ЗА МОЖНОСТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА МЕДИЈАЦИЈА

На прашањето **Дали во последните пет години сте следеле обука за медијација**, 75% од судиите одговориле дека не посетувале обука за медијација, што укажува на уште една системска слабост за вистинска афирмација и примена на постапката за медијација, која е присутна и кај судиите за кривични предмети против полнолетни, но и кај судиите кои постапуваат во граѓански предмети.




ОБУКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА НА СУДИИТЕ

На прашањето **Дали би следеле обука за медијација доколку имате можност**, 90% од испитаните судии би сакале да следат обука доколку имаат можност, резултат што радува, затоа што покажува дека има интерес кај судската фела за следење на законските решенија врзани со медијацијата, но и со нејзината поголема примена.

ДАЛИ БИ СЛЕДЕЛЕ ОБУКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА




На прашањето **Во колкав степен сте информиран за работата на Комората на медијатори**, половина од испитаните судии воопшто не се запознаени со работата на Комората, додека, пак, половина од испитаните малку се информирани за нејзината работа.

ИНФОРМИРАНОСТ НА СУДИИТЕ ЗА ДЕЦА ЗА РАБОТАТА НА КОМОРАТА ЗА МЕДИЈАТОРИ




На прашањето **Кој е вашиот став за постоење на задолжителен обид за медијација во предметите каде што дете е сторител на кривично дело за кое со закон е предвидена казна затвор до пет години**, 60% од судиите се согласуваат дека постои задолжителен обид за медијација во предмети каде што дете е сторител на кривично дело за кое со закон е предвидена казна затвор до пет години, 20% се убедени дека на тој начин медијацијата ќе има поголема примена.

СТАВ НА СУДИИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОБИД ЗА МЕДИЈАЦИЈА КАЈ К.Д. ДО ПЕТ ГОДИНИ



На барањето за лоцирање на **причината за слабата застапеност на медијацијата во нашата судска практика**, според ставот на судиите, како три најчести причини што тие ги наведуваат за слабата застапеност на медијацијата во судската практика се: немање интерес кај странитe, страните не се доволно запознаени со медијацијата и нема доволно промоција на предностите на медијацијата во јавноста. Така, 31% сметаат дека нема интерес кај страните, 27% сметаат дека страните не се доволно запознаени и 14% сметаат дека нема доволно промоција на медијацијата во јавноста.




ПРИЧИНИ ЗА СЛАБА ЗАСТАПЕНОСТ НА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО СУДСКАТА ПРАКТИКА

**Врз основа на судиското искуство, најчесто преовладуваат мислењата или ставовите** дека медијацијата е корисен механизам во постапката кон деца за кривични дела за кои е пропишана казна затвор до пет години (26%). Второ најчесто мислење што преовладува е дека медијацијата е корисен механизам во кривичните предмети по приватните тужби (23%). 13% од судиите сметат дека медијацијата не може да биде модел за решавање на кривични предмети, од друга страна 13% од судиите сметаат дека медијацијата е корисна само во граѓанските предмети.




СТАВОВИ НА СУДИИТЕ ЗА ДЕЦА ВО ВРСКА СО МЕДИЈАЦИЈАТА

Во **врска со мислењето на судиите за деца за негативните страни на медијацијата**, како три најчести негативни страни на медијацијата што тие ги издвојуваат се: страните немаат доверба во медијацијата (34%), не е доволно добро законски осмислена (18%), медијацијата е затворена за јавноста (13%).

ДАЛИ БИ СЛЕДЕЛЕ ОБУКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА




Во контекст на ова следува и сумарен приказ на препораките од судиите кон деца, а во насока на подобрување на примената на медијацијата. Па, во оваа смисла, судиите предлагаат:

- Задолжително да се спроведе постапка за медијација пред да се поднесе барање за подготвителна постапка пред судијата за деца;
- Поголема информираност на странките за постапката за медијација;
- Мотивација на медијаторите со субвенционирање на поголем дел од трошоците преку Министерство за правда;
- Повеќе едукација на странките, отворени дискусии и дебати.

# ПРИМЕНА НА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО РАМКИТЕ НА НАДЛЕЖНОСТА НА ОСНОВНИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ПРАВДА ЗА ДЕЦАТА

Во истражувањето се анализирани примарни податоци добиени од прашалници спроведени во основните јавни обвинителства во РСМ. Вкупниот број на одговорени прашалници изнесува 16. Одговор на прашалниците од ОЈО што постапуваат во постапката кон деца добивме од следните јавни обвинителства: Кавадарци, Куманово, Штип, Скопје, Струга, Велес, Струмица, Кочани, Гевгелија, Кичево, Битола, Тетово.

На барањето да се **наведе ориентациска бројка на предмети во која ОЈО ги упатиле страните на постапката за медијација во последните пет години**, дури 67% од испитаните јавни обвинители ниеднаш не ги упатиле страните на постапката за медијација во кривични дела кон деца во последните пет години, 28% од испитаниците имале од 1 до 10 случаи кога ги упатиле страните на постапка за медијација, а само 7% од јавните обвинители имале од 10 до 20 случаи кога ги упатиле страните во постапка за медијација.




БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ ВО КОИ ОЈО УПАТИЛ НА МЕДИЈАЦИЈА ВО ПОСТАПКА КОН ДЕТЕ

На прашањето **Дали сметате дека постапката за медијација во кривичните предмети кон деца може да даде позитивни резултати**, за половина (44%) од испитаните јавни обвинители постапката за медијација во кривичните предмети кон деца може да даде позитивни резултати, 22% сметаат дека постапката за медијација во кривичните предмети не може да даде позитивни резултати, а 28% од испитаниците дале одговориле „не знам“.




МИСЛЕЊЕ НА ОЈО ЗА ПОЗИТИВНИ РЕЗУЛТАТИ ОД МЕДИЈАЦИЈАТА

На прашањето **Во колкав број случаи, во кои сте сметале дека има основа страните да се упатат на медијација, детето и неговиот законски застапник, бранителот или оштетениот не биле согласни со дадениот предлог**, 61% од испитаните јавни обвинители немале ниту еден случај кога страните во постапката биле согласни со предлогот да се упатат на постапка за медијација, 28% од испитаниците имале од 1 до 10 случаи кога страните во постапката се согласиле да бидат упатени на постапка за медијација.

ПРОЦЕНТ НА СЛУЧАИ ВО КОИ СТРАНКИТЕ НЕ БИЛЕ СОГЛАСНИ ЗА МЕДИЈАЦИЈА




На прашањето **Која странка во најголем број случаи не била согласна со дадениот предлог од ОЈО за спроведување постапка за медијација**, оставена е можност за повеќе одговори, па според 41% од испитаните јавни обвинители оштетениот во најголем број случаи не бил согласен со предлогот за спроведување постапка за медијација, според 18% од испитаниците полномошникот е тој што во најголем број случаи не бил согласен. Но, половина од испитаниците не дале одговор на ова прашање (41%).

СТРАНА КОЈА НАЈЧЕСТО НЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА




На прашањето **Во колку случаи страните не доставиле писмена согласност за постапка за медијација во пропишаниот рок од три дена**, 72% од испитаните ниту еднаш немале случај кога страните не доставиле писмена согласност за постапка за медијација во пропишаниот рок од три дена, 11% од испитаните имале од 1 до 10 случаи кога страните не доставиле писмена согласност за постапка за медијација во пропишаниот рок од три дена. 17% од испитаниците не дале никаков одговор.




На прашањето **Во колку случаи страните не доставиле писмена согласност за избор на медијатор во пропишаниот рок од три дена**, во 61% од случаите според испитаните ниту еднаш страните не доставиле писмена согласност за избор на медијатор во пропишаниот рок од три дена, само 11% од испитаните имале од 1 до 10 случаи кога страните не доставиле писмена согласност за избор на медијатор во пропишаниот рок од три дена, а 28% од прашалниците ОЈО не дале одговор на ова прашање.




На прашањето **Во колку случаи постапката за медијација завршила со потпишување спогодба**, 44% од испитаните одговориле дека во ниту еден случај постапката за медијација не завршила со потпишување спогодба, 28% од испитаните имале од 1 до 10 случаи кога постапката не завршила со спогодба, 6% од испитаните имале од 10 до 20 случаи кога постапката не завршила со спогодба, а 22% од ОЈО не одговориле на прашањето.



На прашањето **Која од наведените причини е најчеста причина поради која постапката за медијација не завршува со потпишување писмена согласност**, ОЈО кои дале одговор на прашањето како причини што најчесто доведуваат постапката за медијација да не заврши со писмена согласност се истекот на рокот од 45 дена (16%), со писмената изјава на медијаторот по извршените консултации со страните дека не се оправдани понатамошни обиди за медијација (17%), откажување на страните во текот на постапката (17%). Но, дури 50% од испитаните не дале одговор на ова прашање, така што не може да се извлече сигурен заклучок.

НАЈЧЕСТИ ПРИЧИНИ ЗА НЕУСПЕШНОСТ НА ПОСТАПКАТА




На прашањето **Во колку случаи сте оцениле дека потпишаната спогодба е неприфатлива**, 67% од испитаните ОЈО немале случај кога потпишаната спогодба ја оцениле како неприфатлива, 33% не дале одговор.

БРОЈ НА СЛУЧАИ КАДЕ ШТО СПОГОДБАТА Е НЕПРИФАТЛИВА




На прашањето **Во колкав степен сте информиран со активностите за донесување на посебни програми за поддршка на медијацијата од страна на Судскиот совет на Република Македонија и Врховниот суд на Република Македонија согласно член 27 од Законот за медијација,** 44% од испитаните не се информирани со активноста за донесување на посебни програми за поддршка на медијација од страна на Судскиот совет и Врховниот суд на РСМ, 25% малку се информирани, а 6% значително се информирани.




ИНФОРМИРАНОСТ НА ОЈО ЗА ПОСЕБНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА ПОДДРШКА НА МЕДИЈАЦИЈАТА ОД СУДСКИОТ СОВЕТ

На прашањето **Во колкав степен сте информиран со можноста за субвенционирање на дел од трошоците во постапката за медијација од страна на Министерството за правда (член 28 од Законот за медијација) со цел промоција на медијацијата**, 44% од испитаните не се информирани со можноста за субвенционирање на дел од трошоците во постапката за медијација од страна на Министерството за правда, а 31% малку се информирани.




ИНФОРМИРАНОСТ НА ОЈО ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

На прашањето **Дали во последните пет години сте следеле обука за медијација**, 81% од испитаните не следеле обука за медијација во последните пет години, а само 6% од испитаните имаат следено обука за медијација.




ОБУКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА НА ОЈО

На прашањето **Дали би следеле обука за медијација доколку имате можност**, од испитаните ОЈО 88% би сакале да следат обука за медијација доколку би имале можност.

ИНТЕРЕС ЗА ОБУКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА НА ОЈО




На прашањето **Во колкав степен сте информиран за работата на Комората на медијатори**, половина од испитаните (50%) воопшто не се информирани за работата на Комората за медијација, а 37% од испитаните малку се информирани.

ИНФОРМИРАНОСТ НА ОЈО ЗА РАБОТАТА НА КОМОРАТА НА МЕДИЈАТОРИ




На прашањето **Кој е вашиот став за постоење на задолжителен обид за медијација во предметите каде што дете е сторител на кривично дело за кое со закон е предвидена казна затвор до пет години**, половина од испитаните се согласуваат дека ќе биде корисно постоењето на задолжителен обид за медијација во предметите каде што дете е сторител на кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор до пет години, а 19% од испитаните не се согласуваат со ваквиот став.

СТАВ НА ОЈО ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОБИД ЗА МЕДИЈАЦИЈА ЗА К.Д. ДО ПЕТ ГОДИНИ



На прашањето **Која е причината за слабата застапеност на медијацијата во нашата судска практика**, како три најчести причини што испитаните јавни обвинители ги издвојуваат за слабата застапеност на медијацијата во нашата практика се: нема доволна промоција на предностите на медијацијата во јавноста (26%), нема интерес кај страните (26%), страните се недоволно запознаени со медијацијата (22%).




ПРИЧИНИ ЗА СЛАБА ПРИМЕНА НА МЕДИЈАЦИЈАТА СПОРЕД ОЈО

На прашањето **Врз основа на вашето искуство, кое од следниве мислења или ставови преовладува**, според 29% од испитаните ОЈО медијацијата е корисен механизам во кривичните предмети по приватни тужби, според 21% од испитаните медијацијата е корисен механизам само за граѓанските предмети и медијацијата е корисен механизам во постапката кон деца за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од пет години.




СТАВОВИ НА ОЈО ЗА МЕДИЈАЦИЈАТА

На прашањето **Според вас, кои се негативните страни на медијацијата**, според испитаните јавни обвинители негативни страни на медијацијата се: страните немаат доверба во медијацијата (22%), медијацијата ги става во подредена позиција немоќните (17%), медијаторите не се мотивирани да им помогнат на страните (14%).




НЕГАТИВНИ СТРАНИ НА МЕДИЈАЦИЈАТА СПОРЕД ОЈО

Предлози на ОЈО за подобрување на примената на медијацијата:

- Поголема информираност за медијацијата, повеќе обуки на оваа тема.– Постапката за деца е од итен карактер, па поради тоа медијацијата се применува поретко (најчесто ја одолжува постапката), затоа се оди со вообичаена процедура.
- Предлагам, како корисно за подобрување на примената на медијацијата, од страна на МВР, при поднесување на кривичните пријави, задолжително да бидат доставени и посебни извештаи што ќе содржат повеќе податоци за околностите под кои е сторено кривичното дели и за расположението на странките да се спогодат за да не се води кривична постапка.– Предлагам да се скрати рокот за траење на постапката за медијација од 45 дена на 30 дена.– Предлагам да се најдат механизми за поголема информираност на граѓаните, односно јавноста на знае за можноста предметите да се решаваат по пат на медијација, а посебно да се информираат за позитивните ефекти од решавањето на кривични предмети кон деца по пат на медијација, особено избегнување виктимизација на децата со одење во институциите надлежни за постапување по кривичните пријави и избегнување на постоење на криминалистичка евиденција за деца сторители на кривични дела.
- Да се обучат медијатори кои би работеле исклучиво во кривични постапки за деца. Од вака специјализирани медијатори за деца да се достави листа до сите основни јавни обвинителства што постапуваат во кривичните постапки кон деца. Трошоците од постапка за медијација целосно да спаѓаат на трошок на буџетот.

# РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕН ПРАШАЛНИК НА МЕДИЈАТОРИТЕ

Во истражувањето се анализирани одговори што се добиени од вкупно 24 медијатори. Во именикот на медијатори има регистрирано 46 медијатори, што значи дека е добиен одговор од повеќе од половината регистрирани медијатори.

На прашањето **Дали сметате дека воведувањето на задолжителен обид за постапка на медијација во случаите согласно член 461 од ЗПП (за стопански спорови што се однесуваат на парично побарување до 1.000.000 денари) дава позитивни резултати**, најголем број од медијаторите одговориле потврдно 89%. Околу 11% од медијаторите сметаат дека ваквата одредба незначително придонесе кон зголемување на примената на медијацијата.




На прашањето **Во колкав број случаи (ориентациски) сте ја примениле постапката за медијација во последните пет години**, имаме разновидност на одговорите што, кога се анализираат сумарно, даваат слика дека таа сепак значително се применува. Најголем процент (39%) ја примениле постапката од 1 до 20 пати во последните пет години, 29% ја примениле од 21 до 50 пати, а 17% ја примениле од 51 до 100, односно над 100 случаи.



Во врска со **бројот на случаи кога странките побарале информации и совети за медијација од страна на медијаторите**, од дадените одговори може да се стекне убедување дека странките бараат информации за медијацијата од медијаторите и покажуваат интерес за неа.

БАРАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕДИЈАЦИЈАТА ОД МЕДИЈАТОРИТЕ




На барањето да се наведе **процент од случаите за медијација што биле успешни и завршиле со спогодба**, 71% одговориле дека медијацијата е успешна во една четвртина од случаите што ги работеле. Само 14% од медијаторите истакнале дека медијацијата во нивните предмети била со 100% позитивен резултат, додека 10% од медијаторите истакнале дека во половина од случаите што ги воделе медијацијата завршила успешно.

УСПЕШНА МЕДИЈАЦИЈА




На барањето д**а се наведе кое од наведените лица во најголем број случаи не бил согласен со дадениот предлог за спроведување постапка за медијација**, при што е можно да се дадат и повеќе одговори, медијаторите истакнале дека во 52% од случаите тужениот/обвинетиот не бил согласен со дадениот предлог за медијација, во 26% тоа бил полномошникот или бранителот, додека во 15% друг, при што во овој дел некои од медијаторите навеле „со дадениот предлог за спроведување постапка за медијација не била согласна втората страна која не се јавува на медијацијата и покрај уредно испратена покана. Практиката покажува дека откако предметот ќе биде испратен во суд тешко доаѓа до медијација, бидејќи никој не сака да ги плати претходно направените трошоци. Ова особено важи во спор меѓу физичко лице со правно лице (на пример, полицаец и МВР)“. Друг медијатор навел дека „се јавиле кај медијатор заради законската обврска, а во случаите кога веќе стекнале позитивна практика на решавање спорови со медијација, странките сами се јавуваат заради економичност и ефикасност при решавањето спорови“.

НАЈЧЕСТА СТРАНКА КОЈА НЕ БИЛА СОГЛАСНА ЗА МЕДИЈАЦИЈА




На прашањето **Кој најчесто ги упатил странките за решавање на спорот кај вас**, при што исто така можат да се дадат повеќе одговори, испитаните медијатори дале одговор дека во 45% станува збор за договорна медијација, во 42% адвокат ги има упатено на медијација, во 7% друг (кај работните спорови најчесто вработениот е наведен како страна што предлага медијација), додека само во 3% ОЈО ги упатил страните на медијација.

КОЈ НАЈЧЕСТО ГИ УПАТУВА СТРАНКИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈА




На барањето да се наведе **областа во која медијаторите најчесто спроведувале медијација,** обработени се податоците што се дадени во апсолутни бројки. Описните одговори („повеќе", „помалку", „ретко") не можат да дадат вистинска слика за примената на медијацијата во одредена област. Од добиените податоци можеме да видиме дека медијацијата најмногу се применува во работните спорови (64%), па потоа во стопанските спорови – 26% (напоменуваме дека во прашалниците во делот за стопански спорови има дадено одговори како „најчесто" без соодветна бројка како показател). Медијацијата како постапка за разрешување на спорни односи досега, од интервјуираните медијатори, ниту еднаш не е применета во областа на заштита на животната средина, заштита од дискриминација и во постапка против полнолетни сторители на кривични дела. Под друго, испитаните медијатори одговориле дека ја примениле медијацијата и во „семејни спорови – спогодбен предлог за развод на брак, спорови во врска со определување висина на издршка, делба на имот на брачни другари и сл.".

НАЈЧЕСТИ СПОРОВИ ЗА МЕДИЈАЦИЈА



На барањето да се наведе **најчестата причина поради која постапката за медијација не завршува со потпишување спогодба**, при што се можни повеќе одговори, медијаторите кои дале одговор навеле дека во 32% од случаите медијаторот дал писмена изјава дека не се оправдани понатамошните обиди за медијација. Како втор најчест начин за неуспешно завршување на медијацијата е откажување на странките и трет со истекот на рокот за спроведување на постапката за медијација. Како друг начин медијаторите навеле дека „причина за неуспешната медијација се советите на адвокатот до неговиот клиент да не пристапува кон спогодба и да ја прекине медијацијата, поради што доаѓа до „откажување на страна/страните во текот на постапката за медијација". Голем дел од медијаторите навеле дека причина за неуспешност е и „што најчесто спротивната странка не доаѓа/не се одзива на поканата".

НАЈЧЕСТА ПРИЧИНА
ЗА НЕУСПЕШНА
МЕДИЈАЦИЈА




На прашањето **Дали медијаторите сметаат дека предлогот, еден судски предмет во основните судови, упатен и успешно решен во медијација, да се засметува како два решени предмети на судија, би можело да влијае позитивно на поголема промоција и примена на медијацијата**, најголемиот дел од интервјуираните медијатори се убедени дека на овој начин медијацијата ќе има поголема примена (43%), односно се согласуваат дека ова би можело да биде корисно (39%). Во рамките на прашањето, каде што медијаторите имаа можност да изнесат свое размислување, некои од нив навеле дека „ова прашање е често дискутирано на работилници, тркалезни маси и други заеднички средби на медијатори, судии и други структури во правосудниот систем и е општо прифатено како добар начин за стимулирање и за судиите и за медијаторите, но потребно е да се промени начинот на оценување на работата на судиите од квалитативен аспект. Иницијативата за ваква измена се очекува да ја даде Судскиот совет на РСМ". Понатаму, еден од медијаторите навел: „Сметам дека треба да биде по примерот на Италија, задолжителна една средба на двете страни со медијатор, пред да се поднесе тужба. Затоа бројот на медијациите во Италија е голем, за сметка на намалување на судски постапки". Има предлог и „кога странките ќе побараат одлагање на рочиште заради спогодување, судот да ги упати пред медијатор".

МИСЛЕЊЕ НА
МЕДИЈАТОРИТЕ ЗА
ПРЕДЛОГОТ ЕДНА
УСПЕШНА МЕДИЈАЦИЈА
ДА СЕ БРОИ КАКО ДВА
РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ
ПРЕД СУДОВИТЕ



На прашањето **Дали сметате дека предвидувањето на задолжителен обид за решавање на споровите по пат на медијација кога банки/финансиски друштва/осигурителни компании се јавуваат како страна во спорот би можело позитивно да влијае на поголема примена на медијацијата**, медијаторите во најголем процент навеле дека се убедени дека на овој начин медијацијата ќе има поголема примена (77%). Под друго, некои од медијаторите навеле дека „од стопанските спорови повеќето биле со осигурителни компании каде што медијацијата е вистинска заедничка постапка и потреба за задоволување на интересот. Задолжителен обид правно или физичко лице во спор со осигурителна компанија би бил најдобро решение за страните. Во случаите кога клиентите се во спор со банка може да дојде до зголемување на трошоците, односно банката да (не) се откаже од каматата што е најчесто главен проблем за наплата, а тоа е нејзиниот профит. Таа може сè да му понуди на клиентот, но проблемот е што клиентот нема што да ѝ понуди на банката кога има долг, односно ако бара време за отплата, тоа, исто така, банката го наплатува како камата“. Друг од медијаторите навел дека „одредени видови спорови каде што е важна доверливоста, пожелно е надвор од судот, односно преку медијатор да се решаваат. Има веќе позитивни примери во неколку држави од ЕУ. Главно, би помогнал и алтернативен пристап за начинот на решавање на ваков вид спорови со банки и сл. Односно, да можат самите инволвирани да проценат дали да споровите да ги иницираат пред суд или пред медијатор“. Еден од медијаторите наведува „самите овие финансиски институции имаат сектори за ризични пласмани и се обидуваат да ги решат, меѓутоа еднострано, водејќи се од свои интереси. Затоа е потребен задолжителен обид пред медијатор“.




ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОБИД ЗА МЕДИЈАЦИЈА КОГА БАНКИ/ ФИНАНСИСКИ ДРУШТВА/ ОСИГУРИТЕЛНИ КОМПАНИИ СЕ СТРАНА НА СПОРОТ

На прашањето **Дали сметате дека предвидување на задолжителен обид за медијација во осигурителните спорови за кои по член 5 од ЗЗОС е предвидено задолжително поднесување на барање до осигурителната компанија пред поднесување тужба до надлежниот суд, би можело позитивно да влијае на поголема примена на медијацијата**, најголем број од медијаторите се убедени дека на овој начин медијацијата ќе има поголема примена – 68%, додека 24% од медијаторите со согласни дека оваа измена би била корисна. Под друго, некои од медијаторите наведуваат дека „смислата на член 5 од ЗЗОС е токму во обидот спорот да се реши пред да се поведе судска постапка. За да се обезбеди неутралност и еднаков пристап до правда за двете страни, за решавање на спорот треба да посредува медијатор како трета неутрална страна, а не 'посилната' страна како што сега е поставена оваа одредба. Потребна е промена на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот со воведување на задолжителен обид на медијација, што е поврзано со оваа одредба“. Еден од медијаторите наведува и дека „за барањето за надоместок на штета што се поднесува до осигурителната компанија, треба да биде предвидено средба со медијатор за двете страни, во спротивно оштетената странка не е во рамноправна положба со осигурителната компанија, која ги поставува условите“.

## ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОБИД ЗА МЕДИЈАЦИЈА ВО ОСИГУРИТЕЛНИТЕ ПРЕДМЕТИ




На прашањето **Дали сметате дека предвидувањето на задолжителен обид за медијација во случаите со предлог за спогодбен развод на брак би имало позитивни резултати**, 64% од медијаторите се убедени дека на тој начин медијацијата ќе има поголема примена. 16% од медијаторите со согласуваат дека би било корисно, а 16% од медијаторите наведуваат и друг одговор меѓу кои би ги издвоиле следниве: „...со медијација треба да им се даде можност на оние брачни другари што во основа се разбираат и сакаат да се разведат, да бидат поштедени од судска постапка“; „има позитивен резултат во смисла на зачувување, пред сè, на приватноста на поранешните брачни другари, се обезбедува доверливост, брзо и економично решавање на спорот. Во развиените држави, пред сè САД и Канада, како и држави во ЕУ со поразвиени правни системи, претежно е обратно и овие спорови се решаваат преку медијатор, а не пред суд, особено кога постои согласност меѓу двајцата поранешни брачни другари. Кај нас, за жал, не постои ниту алтернатива странките да можат да одлучат како да го решат нивниот спор, дали во суд или со посредство на медијатор, бидејќи според сегашниот Закон за семејство не е дозволена медијација за овој вид спорови во РСМ. Можеби сме и единствена држава каде што не е дозволено, и покрај согласноста на странките, да се разведе бракот со медијација. Потребна е промена на Законот за семејство, за да се воведе медијација при спогодбен предлог на брак и алтернативно решавање (суд или медијатор) кога иницијатива за развод дава едниот од брачните другари“.

## ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОБИД ЗА МЕДИЈАЦИЈА КАЈ СПОГОДБЕНИОТ РАЗВОД




На прашањето **Дали сте запознаени со заклучокот донесен од Владата од јули 2019 година со кој им се препорачува на државните органи, институциите, јавните претпријатија во државна сопственост и ЕЛС пред да почнат постапка на суд да направат обид да ги решат споровите по пат на медијација**, 96% од медијаторите се запознаени со овој заклучок.




ИНФОРМИРАНОСТ НА МЕДИЈАТОРИТЕ СО ЗАКЛУЧОКОТ НА ВЛАДАТА ОД 2019 ГОДИНА

Во коментар на ова прашање, од страна на медијатор е наведено следново: „Медијаторите се запознаени со овој заклучок, но проблем се јавува повеќе кај раководните кадри на државни институции што не се запознаени со овој заклучок или, пак, воопшто со медијацијата и можностите што ги нуди во насока на заштеда на државни пари. Веќе се забележани негативни критики од Државниот завод за ревизија на РСМ, каде што, при увид на трошење средства од Државниот буџет, воочено е дека се предизвикани енормно високи средства за решавање на работни спорови што се однесуваат на парични побарувања во долги и скапи судски постапки, а не е користена медијација. Ваквата состојба лесно може да се надмине со поголема едукација, поголема контрола на трошењето средства до Државниот буџет, одговорност за неприменување медијација и обуки за вработени во правни сектори во државни институции и раководни кадри“.

На прашањето **Дали сметате дека во случаите, кога како странка во постапката се јавува државна институција**, треба да се предвиди задолжителен обид за медијација за случаи во кои е законски дозволена (во контекст на Заклучок на Владата на РСМ од јули 2019), 79% од медијаторите се убедени дека на тој начин медијацијата ќе има поголема примена, а 21% сметаат дека тоа би било корисно.[60]




ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОБИД ЗА МЕДИЈАЦИЈА КОГА КАКО СТРАНКА СЕ ЈАВУВА ДРЖАВНА ИНСТИТУЦИЈА

На прашањето **Во колкав степен сте информиран со активностите на Владата за промоција на медијацијата (согласно член 27 од Законот за медијација Владата на РСМ донесува четиригодишна програма за развој на медијацијата, во која се определуваат мерки и средства со кои се обезбедува поддршка на медијацијата)**, поголемиот процент – 38% малку се информирани, 33% од медијаторите значително се информирани, а околу 21% се информирани многу.

60 За мислењето на јавната администрација и примената на медијацијата види ја анализата со наслов Агенција Рејтинг (2021): Перцепција на Јавната администрација и приватниот сектор за медијацијата како начин на решавање на споровите, ЕПИ, Скопје, стр. 8 и 9, достапна на следниот линк https://epi.org.mk/post/18108 (последен пристап декември 2021).

ИНФОРМИРАНОСТ НА МЕДИЈАТОРИТЕ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ВЛАДАТА ЗА ПРОМОЦИЈА НА МЕДИЈАЦИЈАТА




На прашањето **Во колкав степен сте информирани со можноста за е-медијација со користење на електронска платформа за двонасочна комуникација (Skype, ZOOM, Microsoft Teams...)**, 46% од медијаторите се значително информирани, а по 25% се многу или малку информирани. Еден од медијаторите има наведено дека користел е-медијација во еден случај.

ИНФОРМИРАНОСТ ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА Е-МЕДИЈАЦИЈА




На прашањето В**о колкав степен сте информирани со можноста за субвенционирање на дел од трошоците во постапката за медијација од страна на Министерството за правда (член 28 од Законот за медијација) со цел промоција на медијацијата**, 44% од медијаторите одговорија дека значително се информирани, а 32% дека се многу информирани. Околу 20% се малку информирани, додека еден од медијаторите наведува дека во практиката не функционира субвенционирањето, односно „имам поднесено барања за субвенционирање до Министерството за правда со целосно испочитување и на одредбите од Законот за медијација и со подзаконскиот акт што го уредува ова прашање на субвенционирање, меѓутоа субвенции сѐ уште не ми се исплатени, ниту, пак, имам добиено какво било известување или одговор од ресорното министерство. Многу од колегите се обесхрабрија дека е залудно поднесување на вакви барања и воопшто не поднесуваат. Потребно е да се добие одговор од МП зошто не го почитува и не го применува подзаконскиот акт за исплата на субвенции, иако е директен стимул за примена на медијацијата)".

ИНФОРМИРАНОСТ НА МЕДИЈАТОРИТЕ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА МЕДИЈАЦИЈА



На прашањето **Дали во последните пет години сте следеле обука за медијација**, 62% од медијаторите следеле обука, додека високи 38% немале ниту една обука во последниве пет години.




ПРИСУСТВО НА ОБУКА НА МЕДИЈАТОРИТЕ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ПЕТ ГОДИНИ

На прашањето **Каква обука имаат посетувано,** дел од медијаторите одговорија дека имаат посетувано обука во рамките на проектот „Медијација без дилема" организиран од ЕПИ, понатаму задолжителна обука за полагање испит за медијатори, обука за полесна примена на онлајн-модел на медијација, обука од „Академик.мк" и обука за медијација во Белград.

На прашањето **Дали имате потреба од специјализирана обука за медијација од наведените области, при што медијаторите можеа да изберат и повеќе од една област,** голем дел од медијаторите ги имаат наведено и сите области како интересни за да следат специјализирана обука. Има коментари во смисла на тоа дека за областите за кои е потребно посебно предзнаење (како правда за децата) се потребни и повеќе обуки. Во однос на интересот за обука за облигациските односи има 8% интерес, за семејно право има 12% интерес, за работни односи има 11% интерес, за трговски спорови има 7% интерес, за потрошувачки спорови – 7% интерес, за осигурителни спорови и спорови во областа на дискриминацијата има ист интерес од 11%, спорови од областа на образованието – 7%, спорови за заштитата на животната средина – 8%, во кривичните предмети – 10% и правда за децата – 11%.




ОБУКИ ВО СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБЛАСТИ

На прашањето В**о колкав степен сте информиран за работата на Комората на медијатори,** 58% од медијаторите кои одговорија на прашалникот истакнаа дека се многу информирани. Околу 25% се малку информирани и 17% воопшто не се информирани.

ИНФОРМИРАНОСТ ЗА РАБОТАТА НА КОМОРАТА НА МЕДИЈАТОРИ




На прашањето **Колку сте задоволен од работата на Комората на медијатори**, еднаков процент (35%) од медијаторите кои одговорија на прашалниците се и малку и многу задоволни, а 22% не се задоволни. 8% воопшто немаат мислење за работата на Комората. Во прилог има и коментар од еден медијатор кој истакнува дека: „Комората работи без да остварува какви било приходи, освен членарините на медијаторите, што е многу симболичен износ, нема вработени лица, нема сопствена просторија и сите активности е тешко да се организираат и да се реализираат од причина што се работи исклучиво на волонтерска основа и зависи од личниот ентузијазам на кој било од нејзините членови кои со свои лични средства помагаат да опстои Комората. Потребен е сериозен пристап на државата, со финансиска помош и доделување просторија, кога веќе ја има предвидено во законска рамка. И холандската амбасада има укажано на неколкуте заеднички средби со медијаторите дека секогаш ќе го помага алтернативното решавање во РСМ, но потребно е и државата да дава финансиска помош. Ниту еднаш не се искористени буџетските средства што секоја година Владата ги доделува на Министерството за правда за медијација“.

КОЛКУ МЕДИЈАТОРИТЕ СЕ ЗАДОВОЛНИ ОД РАБОТАТА НА КОМОРАТА ЗА МЕДИЈАТОРИ




На прашањето **Дали сте членови во тело или орган на Комората за медијатори**, 73% од медијаторите кои одговорија истакнаа дека не се членови на тело или орган во Комората.

ДАЛИ ИСПИТАНИЦИТЕ СЕ ЧЛЕНОВИ НА ОРГАН ИЛИ ТЕЛО НА КОМОРАТА



На прашањето **Колку сте задоволен од соработката со Комората за медијатори**, најголем процент од медијаторите кои одговорија на прашалникот истакнаа дека малку се задоволни од работата на Комората (36%), 32% се задоволни од работата на Комората и 23% не се задоволни.




На прашањето **Дали соработувате со други медијатори**, од медијаторите кои одговорија еднаков процент (48%) многу соработуваат и соработуваат во исклучителни случаи.




На прашањето **Која е причината за слабата застапеност на медијацијата во нашата судска практика**, при што е дадена можност за повеќе одговори, најголем дел од медијаторите кои одговорија проблемот го лоцираат во тоа дека страните се недоволно запознаени со медијацијата – 33%. Високи 27% од медијаторите како проблем ја гледаат и недоволната промоција на предноста на медијацијата во јавноста. Околу 18% од медијаторите сметаат дека адвокатите честопати ги советуваат клиентите да не ја прифатат медијацијата. Како „друга“ причина медијаторите ги наведуваат следниве: „Иако Комората неколкупати апелираше до ОЈО за упатување кон медијација во предметите кон деца, сепак нема резултати во практиката“. „Со оглед дека печатот на медијаторот нема сила на извршност, сметам дека е исто така причина што странките слабо се одлучуваат на медијација. Странките се непотребно изложени на дополнителна постапка и трошок кај нотар за заверка на Спогодбата што ја изготвиле кај медијатор, за да ѝ дадат сила на извршност.“



На прашањето **Врз основа на вашите искуства, кое од следниве мислења или ставови преовладува**, медијаторите кои имаат одговорено на прашалникот во најголем процент (33%) истакнуваат дека медијацијата е корисен механизам во постапката кон деца за кривични дела за кои е пропишана казна затвор до пет години. Околу 18% од медијаторите кои одговориле истакнале дека медијацијата е добар обид на државата без значајни постигнувања досега. Под „друго", некои од медијаторите истакнале дека „медијацијата е секогаш прво решение за решавање спорови за оние лица (физички и правни) кои веќе имаат искуство на решавање спорови со посредување на медијатор, за сите други, вклучително и за државните институции, потребно е посилно промовирање, медиумска кампања во организација на ресорното министерство и центри/канцеларии каде што би можело заинтересираните да добијат инфо за медијација..."

МИСЛЕЊА И СТАВОВИ ШТО ПРЕОВЛАДУВААТ ЗА МЕДИЈАЦИЈАТА




На барањето медијаторите да ги истакнат **негативните страни на медијацијата**, при што е оставена можност за повеќе одговори, најголем процент од медијаторите кои одговориле (32%) истакнале дека медијацијата не е доволно добро законски осмислена. 23% сметаат дека странките немаат доверба во медијацијата, а 21% имаат наведено и други причини како „потенцијалните страни избегнуваат одговорност од евентуално неуспешно спогодување", „медијаторите, исто како и Комората, се слабо видливи за граѓаните, државата воопшто не вложува во медијација, потребно е подобрување на законската рамка, со целосно усогласување на Европската директива за медијација 52/2008. Од 2019 година, кога РСМ ја потпиша Сингапурската конвенција за медијација (како една од само пет европски држави што ја потпишаа), не се преземени никакви чекори за промоција на државата со ова напредно решение, односно оваа конвенција сè уште не е ратификувана во Собранието, иако нуди многу добри можности, како за промоција на медијацијата, така и за зголемена примена, а исто би се создала и поголема сигурност на странски инвеститори, бидејќи медијаторската спогодба би добила со оваа конвенција извршен наслов што е голема предност за државата", „медијацијата не е издигната на ниво на професионална дејност. За медијаторите тоа е споредна активност, чијашто промоција понекогаш е контрадикторна со нивната основна професионална дејност, како што е, на пример, адвокатурата. Тоа предизвикува и слаба промоција и недоволна ангажираност на медијаторите и Комората", „немаат доверба поради адвокатите, нема стимул и традиција", „нема поддршка од владата и МП".

СЛАБИТЕ СТРАНИ НА МЕДИЈАЦИЈАТА



На прашањето **Дали сте учествувале во постапка на медијација како ко-медијатор**, 86% од медијаторите одговориле со не, додека три медијатори или 14% од медијаторите кои одговориле на прашалникот истакнале дека имаат учествувано како ко-медијатори, и тоа во два стопански спора и еден работен спор.




УЧЕСТВО КАКО КО-МЕДИЈАТОР

Во продолжение на оваа анализа следува **ориентациска бројка на постапки за медијација за периодот од 2015 до 2020 година што ја побаравме од медијаторите**. Од вкупно 24 медијатори кои одговорија на прашалникот, оваа табела ја имаат пополнето 21 медијатор. Со оглед на фактот што табелата е пополнета по различен пристап (број, проценти, описно и сл.) сумирањето на резултатите е направено само по податоците на медијаторите кои имаат наведено ориентациска бројка во одговорите. Бројките на предмети што се работени во постапката за медијација, а се добиени од медијаторите сериозно и драстично отстапуваат од бројките што Министерството за правда ги има заведено во е-регистарот.[61] Но, внесувањето на обидите за медијација во е-регистарот по законодавство што важеше во време на финализирање на оваа анализа сѐ уште беше незадолжително. Ова беше и една од главните слабости на законската рамка за медијацијата, бидејќи со непостоење на задолжително ажурирање на направените обиди за медијација во централизиран е-регистар, не е возможен увид во целосната слика за примена на медијацијата, како по области, така и по резултати во смисла на успешност, за да се креираат конечно законски решенија што ќе бидат базирани на предизвиците со кои се соочува медијацијата во практиката. Со новото законско решение од Законот за медијација од декември 2021 година, во член 16 е предвидено дека: ***Медијаторите се должни веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето, тоа да го внесат во Регистарот и да продолжат со тековно внесување на сите потребни податоци заклучно со крајниот исход на постапката.***

61 Оваа забелешка особено ја апострофираме во постапките за медијација согласно Законот за правда за децата, каде што двајца медијатори имаат наведено и по 200 предмети за 2020 година или вкупно 400 предмети за 2020 година, додека во Регистарот за медијација во Министерство за правда за истата година се заведени 11 постапки за медијација согласно Законот за правда за деца, додека во Заводот за статистика за истата година има пријавено вкупно 610 деца од кои за 413 е поднесен предлог за изрекување мерка/казна, додека за 123 не е поведена постапка, односно за 70 е запрена подготвителната постапка. По последново останува можност за спроведување постапка за медијација за најмногу 193 деца, каде што, хипотетички, можеби причината за прекин на подготвителната постапка или, пак, неповедување постапка да биде тоа што предметот е решен во медијација. Види http://www.stat.gov.mk/pdf/2021/2.1.21.16_mk.pdf (последен пристап 18.11.2021). Повеќе за ова отстапување може да се види и од изложувањето што го има претставникот на Министерството за правда, г-ѓа Радица Лазаревска Геровска, што го имаше на настанот „Со медијација кон подобрување на правото за пристап до правда" во организација на Институтот за европска политика (ЕПИ) – https://epi.org.mk/post/18118 (последен пристап 23.11.2021).

| | Граѓанска област | Кривична област | | Вкупен број обиди за медијација (успешни, неуспешни) | Вкупен број на успешно завршена медијација | Вкупен број на неуспешна медијација | Вкупен број на задолжителен обид за медијација кај стопанските спорови до 1.000.000 денари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Полнолетни | Деца | | | | |
| 2015 | 118 | 40 | 60 | 1.585 | 64 | 641 | 1.514 |
| 2016 | 190 | 45 | 95 | 1.219 | 150 | 696 | 3.031 |
| 2017 | 1.111 | 50 | 110 | 2.748 | 543 | 1.501 | 3.740 |
| 2018 | 1854 | 70 | 154 | 4.932 | 803 | 2.578 | 5.393 |
| 2019 | 434 | 100 | 230 | 5.254 | 1.334 | 3.484 | 7.130 |
| 2020 | 2.182 | 221 | 400 | 9.073 | 2.182 | 3.576 | 9.136 |
| Вкупно | 5.889 | 526 | 1.049 | 24.811 | 5.076 | 12.476 | 29.944 |

Табела 1: Статистички приказ за примена на медијацијата во периодот од 2015 до 2020 година.
Извор на податоци: пополнети анонимни прашалници од медијаторите.

Анализирајќи ги податоците од Табела 1, а во споредба со податоците прибавени од Министерството за правда, можеме да укажеме дека овие податоци сериозно отстапуваат од она што постои како податок за медијацијата во е-регистарот. Иако предвид се зема фактот дека медијаторите немаа задолжителна законска обврска за внесување на податоците во е-регистарот, сепак отстапувањето на податоците е толку големо што се става под сомнение веродостојноста на податоците што се дадени од одредени медијатори, особено во делот на примена на медијацијата во постапката кон деца.

Во прашалниците беше дадена можност за предложување на идејни решенија за подобра промоција и афирмација на медијацијата. Во овој дел, најголемиот дел од медијаторите предлагаат:

- » Поголема промоција на медијацијата и информирање на јавноста за предностите во постапката за медијација;
- » Поголем ангажман на судиите и ОЈО за примена на медијацијата;
- » Перманентни обуки на медијаторите и нивно постојано усовршување, што ќе придонесе за поквалитетно водење на постапките;
- » Носење на тарифник за трошоците во постапка на медијација;
- » Проверка на бројот на предмети со задолжителен обид за медијација (стопански предмети) што се примени во суд, а не биле претходно на медијација;
- » Официјално потсетување на државните органи на заклучокот на Владата за примена на медијацијата – државните органи треба да бидат задолжени пред да почнат судска постапка да иницираат постапка за медијација исклучиво преку Комората за медијатори;
- » Медијацијата треба да најде место во споровите од мала вредност особено за режимските трошоци (струја, вода, парно, телефон и друго), како и за постапките за развод на брак кога странките сакаат да го направат тоа спогодбено;
- » Создавање на центар за медијација со свои простории и органи што ќе се грижат за промоција на медијацијата, поддршка на медијаторите во однос на ресурси – просторија за водење медијација, простории за семинари и обуки, техничка опрема, правна и друга стручна помош и сл.;
- » Донесување на законски измени за поголема примена на медијацијата во системот за правда за деца и семејни и брачни спорови;
- » Спроведување на континуирани обуки на медијаторите организирани од професионални институции (не од Комората), универзитети, странски експерти и слично;
- » Донесување на законски измени со кои ќе се регулира рамномерна распределба на сите медијатори барања за медијација;

- Печатот на медијаторот да има сила на извршност на Спогодбата;
- Задолжителност на медијацијата во платните налози;
- Воведување на задолжителна една средба со медијатор, пред почнување на судска постапка, за да им се даде можност на страните да го разјаснат спорот.

На барањето медијаторите да истакнат со **какви проблеми/пречки се соочуваат при спроведување медијација**, најголемиот број од медијаторите кои одговориле на прашалникот наведуваат дека:

- Проблем им е просторот за одржување на медијацијата (немање просторија за прием на страните и водење на постапката), особено за оние медијатори кои се вработени во администрацијата, државните органи и сл. и кои немаат своја канцеларија;

  Во контекст на овој проблем или оваа пречка ја апострофираме начелната заложба на Судскиот совет во однос на обезбедување просторија за медијација во рамките на просторните услови на секој суд. Имено, согласно Програмата за поддршка на медијацијата од Судскиот совет е предвидено дека „Со оглед дека надлежноста на медијаторите е на целата територија на РМ, една од мерките за промоција на медијацијата во судовите, согласно и Акцискиот план за медијација на Владата на РМ е според просторните и технички можности и капацитети на секој суд, да се дозволи користење на една канцеларија наменета за медијација во која медијаторите би ги спроведувале постапките на медијација. Канцеларијата за медијација потребно е да биде видно означена со табла 'канцеларија за медијација' и по можност да биде опремена со неопходен канцелариски мебел и техничка опрема. Опременоста на канцеларијата за медијација може да се препушти и на медијаторите кои можат да ја уредат согласно прописите и потребите за водење и спроведување на постапката на медијација". Понатаму е предвидено дека „Канцеларијата за медијација може да се користи само во текот на работното време на судот, со претходна најава на медијаторот до претседателот на секој суд за точниот термин на одржувањето на медијациите. Претходното најавување на потребата од користење на канцеларијата за медијација, медијаторот ќе го изврши во писмена форма во вид на известување доставено до претседателот на судот најдоцна еден ден пред одржувањето на постапката на медијација. Претседателите на судовите се должни да го најават терминот на одржување на канцеларијата за медијација кога медијацијата е закажана кај судска полиција заради регулирањето на влезот и излезот од судската зграда на медијаторот и учесниците во постапката на медијација".[62]

- Недоволна ангажираност на страните во постапката на медијација;
- Незаинтересираност на странките да склучат спогодба;
- Тешкотии при наплата на трошоци, неисплатени субвенции при сите исполнети пропишани услови;
- Владее убедување дека со медијацијата се прават непотребни трошоци, затоа што ако странките имале волја, тогаш ќе се спогоделе на друг начин;
- Приватниот сектор има недоверба во медијацијата, ја смета за изнудена и непотребна и сл.;
- Стереотипи при решавање спорови, на пример дека судот е посигурен начин. Медијацијата најчесто завршува со изјава за неприфаќање;
- Најчесто е непочитување на роковите за прифаќање на постапката од поканетата страна;

62 За повеќе види Програма за поддршка на медијацијата од Судскиот совет на РСМ – http://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-za-poddrska-na-medijacijata.pdf.

Кај задолжителен обид најчесто засегнатите страни не се во целост запознаени за можноста за решавање на спорот со медијација, од причина што не се во целост информирани за предностите од нивните полномошници или правни застапници:

- Проблеми со нефункционирањето и нетранспарентноста на КМРСМ (Комора на медијатори), како: затвореност на Комората, нетранспарентност и селективен однос кон медијаторите. Од страна на Комората се забележува фаворизирање на некои медијатори, поради што има медијатори кои имаат над 1.000 медијации во годината, а некои медијатори едвај две-три медијации, и тоа во случаи кога адвокатите по случаен избор го избрале медијаторот од Именикот на медијатори; медијаторите што не се од опкружувањето на претседателот на Комората немаат информации за спроведени обуки, семинари, конференции, проекти што се однесуваат на медијацијата; не се организираат обуки и работилници од страна на КМСРМ, работни состаноци и Собрание;
- Адвокатите ги убедуваат странките дека постапката за медијација е скапа и неефикасна, што е неосновано.

# ПОДАТОЦИ ЗА МЕДИЈАЦИЈА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

Електронскиот регистар на медијација е воведен во август 2020 година и со него се овозможи директно внесување на податоците од страна на медијаторите, како и непречено генерирање извештаи од страна на Министерството за правда. Електронскиот систем го олесни процесот на лоцирање на слабостите во постојното законско решение за медијација што не предвидува внесување на секој обид за медијација. Овој проблем се очекува да се надмине со стапувањето во сила на новиот Закон за медијација што предвидува задолжителен внесување на секој предмет[63] поднесен пред медијаторите за постапување.[64] Меѓу другото, од Министерството наведуваат дека кризата од пандемијата го одолжи процесот на донесување на новиот Закон за медијација што создава неизвесност кај медијаторите, судовите и странките.[65]

Во поглед на евиденцијата за медијација во Програмата за Поддршка на медијацијата од Судскиот совет на РСМ, како и од Врховниот суд на РСМ, е потенцирана и потребата за надградба на системот АКМИС, и тоа дека „потребно е да се надгради системот АКМИС заради постојано внесување и ажурирање податоци за користењето на медијацијата во судските предмети каде што таа е законски дозволена. Ваквата адаптација на системот АКМИС во судовите е со цел тој да дава прецизни податоци за постапките на медијација, а како програмска мерка ќе овозможи во секое време да се има реален показател за вистинската фактичка состојба со практикувањето на медијацијата во РМ со поддршка на судовите, да се евидентира заинтересираноста на странките за решавање на споровите надвор од судската постапка и да се согледуваат пречките поради кои странките не се одлучуваат за користење на алтернативните методи за решавање на споровите“.[66]

Во моментот (октомври 2021 година) сосем е евидентно дека одредени медијатори воопшто не внесуваат податоци во електронскиот регистар[67] (бидејќи во моментот на анализата за ова не постоеше законска обврска), а одредени медијатори внесуваат нецелосни податоци што го оневозможува процесот на пребарување и генерирање извештаи што соодветствуваат на реалната состојба.

Министерството за правда, преку разговори со секој поединечен медијатор, успева да им предочи која е предноста на електронскиот регистар, пред сè од аспект на видливост на медијациите, нивната структура, успешноста и сл., бидејќи само на тој начин таа може да се популаризира пред јавноста.

**Во регистарот, заклучно со 15.10.2021 година, внесени се вкупно 2.511 предмети, од кои 1.377 се завршени со спогодби.**

**Во 2021 година, до 15.10.2021 се внесени 268 предмети.**

---

63 Види член 16, став 3 од Законот за медијација, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година, согласно кој медијаторите се должни веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето, тоа да го внесат во Регистарот и да продолжат со тековно внесување на сите потребни податоци заклучно со крајниот исход на постапката.

64 Со цел медијаторите да ги внесат во системот сите медијации што ги имале во работа од 2016 година наваму, системот сè уште е отворен за внесување на податоците, заради што бројките се менуваат не само за 2021 година туку и за секоја од годините наназад.

65 Барањето за информации за медијација до Министерството за правда е испратено во октомври 2021 година, МП на барањето одговори истиот месец, така што и во дописот од МП и во анализата се земени предвид законските одредби, околностите и предизвиците пред стапување во сила на новиот Закон за медијација во декември 2021 година.

66 Види Програма за поддршка на медијацијата од Судскиот совет на РСМ достапна на http://wmk-ci.xsoftstatic.com/Write/07414/Files/Programa-za-poddrska-na-medijacijata.pdf.

67 Електронски допис од Министерството за правда доставен по барање за прибирање податоци од истражувачката група (Лажетиќ/Кошевалиска/Нанев) за изработка на Анализа за утврдување на статусот на имплементација на реформите за медијација предвидени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година.

Во однос на постапките за медијација во примена на ***Законот за правда на децата*** за 2021 година нема податоци и тие ќе бидат познати по истекот на годината, но податоците во 2020 година покажуваат дека две последователни години има предмети и од оваа сфера. Па, така, во 2019 година постапката за медијација била применувана во 15 случаи: кон четири деца од страна на судот во Тетово; кон 11 деца од страна на ОЈО (десет од ОЈО Тетово и едно дете од ОЈО Скопје). Притоа, медијацијата била успешна кај седум деца. Во 2020 година, постапката за медијација била применувана во 11 случаи: кон девет деца од страна на ОЈО во Тетово и две деца од ОЈО Струмица. Притоа, медијација б***ила успешна кај сите 11 деца***, што укажува на особено позитивен исход што дава поттик за дополнителни напори на промоцијата и афирмација на медијацијата во постапката за деца и во другите основни судови со проширена надлежност за да се согледаат и таму нејзините позитивни страни.

По прибавените податоци од страна на Министерството за правда ја имаме следнава состојба:

**За период од 2016 до 2021 година вкупно постапки за решавање спорови за медијација се 2.511.**

Со спогодба завршени се 1.377 постапки, без спогодба завршени се 1.126 постапки, четири постапки се завршени без ознака на начинот на завршување и четири постапки се активни.

ПОДАТОЦИ ЗА МЕДИЈАЦИЈАТА СОГЛАСНО МП ЗА ПЕРИОД 2016-2021




1. По основа на ИМОТНО-ПРАВНИ СПОРОВИ вкупно се 15 постапки, од кои: со спогодба се завршени седум постапки, без спогодба се завршени осум постапки.
2. По основа на ОСИГУРИТЕЛНИ СПОРОВИ вкупно се 102 постапки, од кои: со спогодба се завршени 21 постапка, без спогодба се завршени 81 постапка.
3. По основа на ПОТРОШУВАЧКИ СПОРОВИ вкупно се две постапки завршени без спогодба.
4. По основа на РАБОТНИ СПОРОВИ вкупно се 1.251 постапка, од кои: со спогодба се завршени 1.134 постапки, без спогодба се завршени 117 постапки.
5. По основа на ТРГОВСКИ/СТОПАНСКИ СПОРОВИ вкупно се 930 постапки, од кои: со спогодба се завршени 165, без спогодба се завршени 757, активни четири постапки и четири постапки завршени без ознака на начинот на завршување.
6. По основа на СЕМЕЈНИ СПОРОВИ вкупно се две постапки, од кои: со спогодба е завршена една постапка и без спогодба е завршена една постапка.
7. По основа на КРИВИЧНИ СПОРОВИ вкупно е една постапка завршена без спогодба.
8. По основа на РАЗНИ СПОРОВИ вкупно се 207 постапки, од кои: со спогодба се завршени 48 постапки, без спогодба се завршени 159 постапки.
9. По основа на СПОРОВИ СПОРЕД ЗАКОН ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА вкупно е една постапка завршена со спогодба.




ПОДАТОЦИ ОД Е-РЕГИСТАР ЗА ПРИМЕНА НА МЕДИЈАЦИЈАТА ПО ОБЛАСТИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2016 ДО 15.10.2021

Во однос на **видот на медијација** што е применета ја имаме следнава дистрибуција на податоци од МП за периодот од **2016** до **2021** година (заклучно со 15.10.2021): договорена медијација – 86 постапки, доброволна – 404 постапки, законска – 1.545 постапки и без ознака на видот на медијација – 966 постапки.За 2021 година, согласно видот на медијација, ја имаме следнава дистрибуција: законска медијација – 152 постапки, договорена медијација – 2 постапки и доброволна медијација – 114 постапки.

**За период од 01.01.2021 до 14.10.2021 година вкупно постапки за решавање спорови за медијација се 268, од кои** со спогодба завршени се 115 постапки, без спогодба завршени се 150 постапки и активни се три постапки.

1. По основа на ИМОТНО-ПРАВНИ СПОРОВИ вкупно се три постапки, од кои: со спогодба се завршени две постапки, без спогодба е завршена една постапка.
2. По основа на ОСИГУРИТЕЛНИ СПОРОВИ вкупно се 11 постапки, од кои: со спогодба се завршени две постапки, без спогодба се завршени девет постапки.
3. По основа на ПОТРОШУВАЧКИ СПОРОВИ вкупно е една постапка завршена без спогодба.
4. По основа на РАБОТНИ СПОРОВИ вкупно се 104 постапки, од кои: со спогодба се завршени 99 постапки, без спогодба се завршени пет постапки.
5. По основа на ТРГОВСКИ/СТОПАНСКИ СПОРОВИ вкупно се 149 постапки, од кои: со спогодба се завршени 12 постапки, без спогодба се завршени 134 постапки и три постапки се активни.

Конечно, од овие податоци и графички можеме да ја претставиме успешноста на медијацијата во најчесто применуваните области.




УСПЕШНОСТ НА МЕДИЈАЦИЈАТА КАЈ РАБОТНИТЕ СПОРОВИ СПОРЕД ИНФОРМАЦИИТЕ ОД МП (2016-15.10.2021)

Од овие два графички приказа можеме да заклучиме дека, иако општата перцепција е дека најмногу се применува медијацијата кај стопанските спорови поради задолжителниот обид, сепак успешно применетата медијација е кај работните спорови каде што имаме 91% на успешност, за разлика од стопанските, каде што процентот на успешност е 18%.

УСПЕШНОСТ НА МЕДИЈАЦИЈАТА ВО СТОПАНСКИТЕ/ ТРГОВСКИТЕ СПОРОВИ СПОРЕД ПОДАТОЦИТЕ ОД МП (2016-15.10.2021)




Со донесувањето на новото законско решение и унапредувањето на постојните решенија за медијација се очекува дека примената на медијацијата ќе биде поголема, Министерството ќе има реална претстава за нејзината примена и успешност, па оттука ќе може да креира решенија и насоки што ќе водат кон елиминирање на предизвиците и пречките од практиката.

## ПОДАТОЦИ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР – РЕЗУЛТАТИ ОД ФОКУС-ГРУПА

За целите на анализата беше реализирана и фокус-група со претставници од приватниот сектор, поточно од Стопанската комора на РСМ, Сојузот на стопански комори на РСМ, Бизнис-конфедерацијата на РСМ, кои дадоа особен придонес кон ова истражување, претставувајќи ги интересот и ставовите на нивното членство и на бизнис-заедницата.

Во врска со првото прашање за примената на медијацијата, а кое се однесува на оцена на претставниците од приватниот сектор за **позитивните резултати од воведувањето на задолжителен обид за постапката за медијација во случаите согласно член 461 од ЗПП (за стопански спорови што се однесуваат на парично побарување до 1.000.000 денари)** претставниците од стопанските комори од РСМ сметаат дека задолжителниот обид не придонел до вистинска примена на медијацијата, туку само нејзина формална примена. Воведувањето на задолжителен обид не може да биде трајно решение, туку само привремено решение за стимулација што како цел требало да ги запознае субјектите со медијацијата и нејзините придобивки, за да ја применуваат самоиницијативно во иднина. Бројот на обиди во овој дел е зголемен, но таа бројка, според нив, не придонесува за успех на медијацијата, бидејќи бројката не дава реална слика за нејзината примена, што се гледа од процентот на успешно завршени медијации кај задолжителниот обид.

Во прилог на ова оди и анализата на податоците и од е-регистарот на МП, но и од истражувањата и анализите во одделот за медијација во рамките на Стопанската комора на РСМ, согласно кои медијацијата најуспешно се применува во работните спорови, па потоа како доброволна медијација во осигурителните спорови (што ги класифицираат во бизнис), а трети по ред се стопанските спорови со задолжителен обид за медијација. Исто така, истражувањето направено и публикувано во документот „Перцепција на Јавната администрација и приватниот сектор за медијацијата како начин на решавање на споровите" го потврдува овој факт. Согласно ова истражување, најзастапени спорови во приватниот сектор се семејните (работните заб.) (67%), осигурителните (50%), трговските (49%) и стопанските (45%).[68]

Повеќето субјекти во постапката кај задолжителниот обид за медијација не прават никаков обид за медијација, туку само ја задоволуваат законската форма, и тоа преку неодзивање на поканата за медијација и известување од медијаторот дека медијацијата не била успешна. Ваквата задолжителност ги мотивира субјектите да ја гледаат медијацијата само како дополнителен трошок, како парафискална давачка во постапката, а не како начин на решавање на спорот, и попрво кај нив создава одбивност отколку стимулација. Според нив, подобро законско решение е да се оди на посилна промоција од придобивките од медијацијата што, според нив, е клучна за нејзина примена. Напоменуваат дека онаму каде што успеале да ги убедат странките да се појават на задолжителниот обид за медијација (како бесплатен обид) имаат многу добри резултати, па истите странки во секој следен спор самоиницијативно ги бараат за решавање на спорот преку медијација, но и ја предвидуваат медијацијата во договорните односи како начин на решавање на можен спор, согласно член 3 од Законот за медијација. Едногласни се дека компаниите одбиваат нешто што е задолжително, на него гледаат како на дополнително парично оптоварување, па затоа наоѓаат и начини за да го избегнат задолжителниот обид. За нив, најдобра се промоцијата и обуките во рамките на стопанските комори за да се зголеми информираноста. Стопанската комора на РСМ досега има организирано преку 40 обуки што имаат опфатено околу 1.000 претставници од бизнис-заедницата. Обуки, работилници и информативни сесии имаат спроведено и Бизнис-конфедерацијата на РСМ, како и Сојузот на стопански комори на РСМ, чиишто претставници исто така истакнаа дека најважно е јакнење на

68 Види документ Агенција Рејтинг (2021): Перцепција на Јавната администрација и приватниот сектор за медијацијата како начин на решавање на споровите, ЕПИ, Скопје, стр. 27, достапна на следниот линк https://epi.org.mk/post/18108 (последен пристап декември 2021).

довербата за медијацијата во бизнис-секторот и менување на нејзината перцепција. Конечно, засега задолжителноста е моментално добра само за медијаторите, но треба да се има предвид големата слика – од задолжителноста придобивка да има медијацијата преку нејзина реална и успешна примена.

На второто прашање **Дали сметате дека законскиот максимум за стопански спорови што се однесуваат на парично побарување до 1.000.000 денари, за задолжителен обид за медијација, треба да се зголеми**, во контекст на претходно одговореното прашање, тие сметаат дека не очекуваат вакво решение да доведе до зголемување на медијацијата. Ниту намалување ниту покачување на лимитот за медијација нема да придонесе кон нејзина успешна примена така како што ќе придонесе информираноста и промоцијата. Напротив, договорните страни преку договарање за плаќање фактура го заобиколуваат задолжителниот обид за медијација.

Следното прашање до фокус-групата беше упатено со цел да се прибави информација **Дали членовите, правни ентитети на нивната асоцијација, комора, сојуз на комори, бизнис-конфедерација, односно органот што го претставуваат, учествувале во постапка за решавање спор преку медијација со друг правен субјект или физичко лице во последните пет години, на чие упатување (судија, адвокат...) и од која област**. Претставниците на Стопанската комора на РСМ укажаа на тоа дека имаат заинтересирани компании што доаѓаат на прв (често и бесплатен) обид за медијација што нивната Комора го организира сè со цел да им укаже на своите членови дека можат да имаат корист од овој алтернативен начин на решавање на споровите. Комората дури овозможува и просторни услови за медијацијата за кој било медијатор кој ќе се обиде да реализира бизнис-медијација, но под услови да биде бесплатна медијацијата, а со цел таа да се промовира. Најчесто, областа за медијација е стопански/трговски спорови, и тоа кога основата е задолжителен обид за медијација согласно ЗПП (над 80% е оваа основа), а околу 20% е договорна, а од областите најчесто е парично побарување – нематеријална штета, рефундирање, кај осигурителните – регрес на штета, понатаму долг, позајмица, устен или писмен договор, па надоместок на штета од неисполнување на некоја обврска и сл. Неретко се јавуваат и за консултации за спорови од областа на градежништвото, трговијата и транспортот. Во случај кога се микро или мали претпријатија многу тешко се одлучуваат за медијација, затоа што свеста за придобивките од медијацијата кај менаџментот е многу мала. Позитивен е интересот за медијација кај спорни односи со странски елемент кај кои отсуствува формален договор, па оттука и нема клаузули за начини на решавање на спорот, бидејќи целата кореспонденција е водена преку е-пошта. За овие спорни односи има случаи кога странките самоиницијативно бараат информации за медијацијата како можен начин на решавање на спорот.

Следното прашање се однесува на големиот процент на неуспешност при обид за медијација, при што побаравме повратна информација од претставниците на бизнис-секторот **Зошто постапката на медијација често не завршува со потпишување спогодба?** Одговорот на ова прашање претставниците го поврзуваат со одговорот на првото прашање, а тоа е задолжителноста на која странките ѝ приоѓаат со огромна доза на скептицизам и воопшто не се впуштаат да направат обид за медијација. Задолжителноста е причина за високата бројка на предмети, но и за високиот степен на неуспех во овие предмети. Успешноста на медијацијата во 99% е кај работните спорови, затоа што таму странките се јавиле доброволно, преземале активност, дале шанса да го решат спорот преку медијација и увиделе дека спорот може да се реши без почнување на судска постапка.

На прашањето за степенот н**а информираност за можноста за субвенционирање на дел од трошоците во постапката за медијација од страна на Министерството за правда (член 28 од Законот за медијација) со цел промоција на медијацијата**, претставниците од приватниот сектор одговорија дека се запознаени и дека секако ја поддржуваат, но треба да се има ненаивен пристап кон субвенционирањето. Немаат податоци за тоа колку од нивните членови ја имаат искористено оваа можност, затоа што тоа сепак се доверливи податоци.

На прашањето за **следење обука за медијација, област за обука, како и интерес за идни обуки за медијација**, претставниците од коморите истакнаа дека обуки имале преку нивните асоцијации и организирани од нивните асоцијации, како и информации на нивните интернет-страници за сите можни често поставувани прашања за медијацијата што можат да им бидат од полза на нивните членови. А сепак, остануваат на ставот дека во случај кога постои матична институција во државата што треба да ги реализира активностите врзани првенствено за обука на медијацијата, тие како асоцијации не сакаат да ѝ парираат во работата, за да не се разводни нејзината работа. Но, се отвораат прашања во смисла на тоа дека Комората нема финансиска заднина за да реализира значителен број обуки што се доволни за да имаат ефект. Од страна на Стопанската комора на РСМ имаат реализирано 40 бесплатни обуки, обуки имаат реализирано и Сојузот на стопански комори, Бизнис-конфедерацијата, па според нив најдобро е ако имаат обуки и семинари, да ги здружат силите, затоа што она што ѝ недостига на матичната комора – Комората за медијација во смисла на финансии и вработени и администрација може да се надополни од стопанските комори, конфедерации и асоцијации.

**Препораки** за подобрување и унапредување на решенијата за медијација од страна на бизнис-заедницата се следниве:Подобра промоција што ќе биде реализирана на ефикасен начин кај сите засегнати страни и ќе ја подигне свеста кај сите;

» Консултирање на мислењето на бизнис-заедницата во однос на донесување на нови законски решенија, но и за примената на постојните законски решенија за медијацијата;Преку медиумите и преку матичните институции да има конференции и активности за промоција;
» Разбивање на табу-теми за медијација;
» Повеќе заеднички проекти за медијацијата;
» Разгледување на предностите за медијацијата во стечајните постапки и поголема активност во оваа област;
» Подобрување на примена на медијацијата во потрошувачките спорови;
» Синхронизирана стратегија за промоција на медијацијата;
» Пилот (бесплатна) медијација во градежниот сектор;
» Изработка на истражување и анализа за медијацијата што ќе даде правец за областите во кои е потребна интервенција;
» Разгледување на перспективите за онлајн-медијација.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Како што веќе наведовме на почетокот од оваа анализа, во извршното резиме, нејзината цел беше да се долови вистинската и реалната примена на медијацијата во нашата држава, како и да се испита мнението на сите релевантни чинители или засегнати страни во примена на постапката за медијација. Заклучоците до кои дојдовме, очекуваме да се искористат како основа за креирањето на идни решенија и политики што имаат како цел поголема и поуспешна примена на медијацијата.

Анализата за примена на медијацијата е поделена на два дела. Првиот дел се однесува на теоретската анализа на медијацијата, законските решенија за медијацијата и релевантното законодавство од граѓанска, кривична област, како и законодавството за деца. Вториот дел се однесува на квантитативната анализа на примената на медијацијата во практиката од сите релевантни чинители – судовите, обвинителството, медијаторите, приватниот сектор. Квантитативниот дел е изработен на база на дистрибуирани прашалници и фокус-група. Прашалниците беа дистрибуирани до сите основни судови во РСМ (граѓански судови, кривични судови, како и надлежни судови во постапката кон деца), до основните јавни обвинителства со проширена надлежност што се надлежни во кривичните постапки кон деца, прашалници доставени до сите медијатори регистрирани во Именикот на медијатори, барање за пристап до информации во врска се медијацијата до Министерството за правда, како и податоци од реализирана фокус-група со претставници од стопанските комори во РСМ. Од граѓанските судови, вкупниот број на одговорени прашалници изнесува 96, од кривичните вкупниот број на одговорени прашалници изнесува 72, а од судовите за деца вкупниот број на одговорени прашалници изнесува 20, од основните јавни обвинителства со проширена надлежност во РСМ вкупниот број на одговорени прашалници изнесува 16. Во истражувањето се анализирани одговори што се добиени од вкупно 24 медијатори, а напоменуваме дека во именикот на медијатори има регистрирано 46 медијатори. Во време на финализирањето на анализата стапи во сила новиот Закон за медијација во кои се имплементирани голем дел од препораките што ги даваат интервјуираните страни од оваа анализа.

Крајните заклучоци до кои дојдовме се следниве:

Во однос на примената на медијацијата во граѓанските предмети, судиите имаат поделено мислење за тоа дали воведувањето на задолжителен обид за медијација во стопанските спорови со парично побарување до 1.000.000 денари придонесе за поголема примена на медијацијата, а мнозинството од нив не се за зголемување на овој законски максимум. Понатаму, согласно податоците до кои дојдовме, исклучително е мал процентот на странки кои бараат информации од судиите за медијацијата (само 18%), а уште помал е процентот на успешно завршени спорови онаму каде што судиите упатиле на медијација, но затоа, пак, дури 39% од судиите сметаат дека би било корисно да имаат задолжителна законска обврска да ги упатат странките на задолжителен обид за медијација во медијабилни спорови. Причините за слабата застапеност на медијацијата судиите ги наоѓаат во слабиот интерес кај страните (35%), но и фактот дека страните се недоволно запознаени со медијацијата (25%), а доколку критички го разгледаме одговорот неизбежен е заклучокот дека токму слабата информираност за предностите од медијација го чини високиот процент на незаинтересираност на страните за медијација.

Согласно своето искуство и сознанија за предметот, судиите од граѓанските оддели како главни причини за неуспешноста на медијацијата ги имаат наведено откажувањето на страните во текот на постапката за медијација и писмена изјава од медијаторот дека не се оправдани понатамошни обиди за медијација. Најголемиот дел од судиите се за воведување на задолжителен обид за медијација кога банки, финансиски друштва и осигурителни компании,

но и државни органи, институции и јавни претпријатија во државна сопственост и ЕЛС се страна во спорот, што, на некој начин, ја одразува судската доверба во медијацијата. Исто така, во значителен процент судиите сметаат дека би било корисно да се предвиди можноста за задолжителен обид за медијација кај спогодбениот развод. Но, има и многу мал број судии кои на сите претходно наведени прашања не се согласуваат за проширување на законските основи за задолжителен обид за медијација.

Кога станува збор за информираност на судиите со активностите за промоција, но и поддршка на медијацијата од Владата, како и со посебните програми за поддршка на медијацијата од страна на Судскиот совет и Врховниот суд, генерален заклучок за сите судии е дека не се информирани за овие програми. 39% од судиите кои судат кривични предмети против полнолетни не се информирани, 35% од судиите во постапката кон деца не се информирани и, конечно, 49% од судиите во граѓански предмети се малку информирани, односно 25% воопшто не се информирани, и покрај тоа што е предвидено овие програми да бидат достапни на секој судија.

Во овој контекст доаѓаме и до причината за не толку малиот процент на судии кои се индиферентни кон зголемувањето на примената на медијацијата. Но, мораме да напоменеме дека степенот на информираност за придобивките од медијацијата и во правосудниот систем (суд и обвинителство), како и во приватниот сектор е премал. Сите засегнати страни имаат базични информации за медијацијата како концепт, но многу е мала информираноста и за сите предности што ги има таа, почнувајќи од растоварувањето на судовите од предмети, малите трошоци и економичноста, краткото време за решавање на спорот, доверливоста, а во кривичните предмети и неевидентирањето во кривичната евиденција на едната страна што би се сметала како осудувано лице. Оваа слаба информираност ја бараме и во малиот или незначителниот број обуки што биле организирани во последните пет години, а се однесуваат на примената на медијацијата, иако заинтересираноста на судиите е навистина голема, дури 76% од испитаните судии во граѓански предмети изјавиле дека се заинтересирани за следење обука, 81% од судиите во кривичните предмети за полнолетни, 87% од ОЈО и дури 90% од судиите за деца се за следење обуки за медијација.

Најчести ставови што преовладуваат помеѓу судиите кои судат во граѓански предмети во поглед на медијацијата се дека медијацијата е корисен механизам и вистинска постапка за решавање спор (31%), како и дека медијацијата е добар обид на државата без значајни постигнувања досега (30%). 16% сметаат дека медијацијата не е доволно осмислен проект. Како негативни страни на медијацијата, според судиите кои судат во граѓански предмети, судиите најмногу ги издвојуваат: недовербата на страните во медијацијата, недоволната законска осмисленост на постапката за медијација и медијаторите немаат авторитет кај граѓаните. Во однос на предлозите што судиите кои судат во граѓански предмети ги даваат за подобрување на примената на медијацијата, како најчесто наведени ги издвојуваме следниве: промоција на предностите на постапката за медијација, воспоставување на поповолни услови во однос на судската постапка, одржување семинари и работни средби за укажување на недостатоците, медијацијата да се спроведува во судот во присуство на медијатор и судија со искуство во тој вид предмет, за да им укаже на странките кои се шансите за успех, судска практика, трошоци и сл., помали трошоци и поголема доверба кај странките, медијаторите да ги познаваат законите, да се поотворени за јавноста и да не се водат од лични интереси, подобри законски решенија, медијацијата да ја спроведува судија во улога на медијатор, повеќе обуки на медијаторите, намалени трошоци во медијацијата, да се одобри бесплатна правна помош, вклучување судии со поголемо работно искуство, вклучување судии-пензионери заради стекнување доверба кај граѓаните, промоција на медијацијата преку јавни трибини, вклучувајќи ја јавноста, едукација на странките за медијација.

Во однос на медијацијата во кривичните предмети од прашалниците што ги анализиравме од судиите кои судат во кривичните предмети, како и од ОЈО, дојдовме до сознанија дека дури 56% од испитаните судии сметаат дека медијацијата кај приватната тужба не дава позитивни резултати, само 13% од испитаните судии сметаат дека постапката за медијација кај приватната тужба би дала позитивни резултати. Кај судиите кои судат во постапката кон деца, пак, има висок процент од 45% кои сметаат дека медијацијата во постапката кон деца би дала позитивни резултати, но не е мал и процентот кои не сметаат дека медијацијата би дала позитивни резултати (35%).

Во последните пет години кривичните судии во 75% никогаш не ја примениле постапката за медијација, дури 89% од нив навеле дека никогаш од нив странките не побарале информации за медијација. Кај судиите кои судат во постапката кон деца, 75% од испитаните судии никогаш не ги упатиле страните на постапка за медијација во последните пет години, 20% од испитаните имале случаи од 1 до 10 кога ги упатиле странките на постапка за медијација, а пак од обвинителите дури 67% ниеднаш не ги упатиле странките на постапка за медијација. Радува фактот што не е мал процентот на обвинители кои сепак ги имаат упатено странките на медијација и збирно изнесува 35%. Според судиите за деца, најчесто оштетениот или јавниот обвинител не се согласни за постапка за медијација, а според ОЈО, кои одговориле, тоа е оштетениот. Во прашалниците за причини за неуспешност на медијацијата во кривичните предмети кон деца, повеќе од половина од испитаните судии не дадоа одговор, а судиите кои одговорија на ова прашање како причини ги наведуваат или истекот на рокот од 45 дена или откажувањето на страните. Истите причини ги имаат наведено и ОЈО.

Радува фактот што значителен процент на судиите (44%) се согласуваат за воведување на задолжителен обид за медијација во предметите по приватни кривични тужби, а пак судиите за деца дури во 60% се за задолжителен обид за медијација за кривичните дела за кои е предвидена казна затвор до пет години.

На прашањето за лоцирање на причината за слабата застапеност на медијацијата во нашата судска практика, според ставот на судиите во кривични предмети за полнолетни и судиите за деца како најчести три причини за слабата застапеност на медијацијата во судската практика ги наведуваат: немањето интерес кај странките, страните не се доволно запознаени со медијацијата, нема доволна промоција на предностите на медијацијата во јавноста. Истите причини ги имаат наведено и ОЈО. За ставот на судиите кривичари и ОЈО во врска со тоа кои се негативните страни на медијацијата, судиите како најчести негативни страни на постапката за медијација ги издвојуваат: страните немаат доверба во медијацијата, медијацијата не е доволно добро законски осмислена, медијаторите немаат авторитет кај граѓаните, медијацијата е затворена за јавноста. Како препораки за подобрување на медијацијата, судиите кои судат во кривични предмети ги наведуваат следниве: Поголема промоција на предностите на постапката за медијација; Кај приватните тужби, по прием во судот, задолжително да се достават до овластен медијатор, а во судот да се враќаат по спроведена постапка, односно по направен обид за медијација или доказ дека медијацијата е неуспешна; Постапката за медијација да биде подостапна и подобро да се осмисли; Медијаторите да бидат поотворени за јавноста, да ги познаваат законите за да можат успешно да им помогнат на странките и да не бидат водени од лични интереси; Законски измени, кампања за јавна дебата пред да се почне какви било законски измени, кампања за афирмирање на медијацијата како постапка, преку афирмирање на позитивните страни на медијацијата, во тимовите за измена на законите да биде слушнат ставот на практичарите, оние што се соочуваат со секојдневните проблеми; Поголема транспарентност преку запознавање со медиумска поткрепеност; Едукација на адвокатите да ги советуваат странките за постапка за медијација.

Во однос на истражувањето за ставовите и мислењата на медијаторите, а во врска со актуелните предизвици за медијацијата, можеме да дојдеме до следниве заклучоци:

- Најголем број од медијаторите сметаат дека воведувањето на задолжителен обид за медијација во стопанските спорови дало позитивни резултати;
- Најголемиот процент на медијатори постапката за медијација во последните пет години ја имаат применето од 1 до 20 или од 21 до 50 пати. А во еднаков процент од 17% ја примениле и во над сто случаи или, пак, ниту еднаш;
- Странките бараат информации од медијаторите, а во врска со медијацијата;
- Во 25% од случаите медијацијата била успешна, според податоците од медијаторите;
- Најчесто тужениот/обвинетиот не е согласен со предлогот за медијација;
- Странките најчесто на медијација ги упатува адвокатот или самите страни – договорна медијација;
- Најчести спорови за медијација се работните и стопанските спорови;
- Како најчест начин на завршување на медијацијата е наведена писмена изјава од медијаторот дека не се оправдани понатамошни обиди за медијација;
- Дури 77% од медијаторите сметаат дека воведувањето на задолжителен обид за медијација кога банка/финансиско друштво/осигурителна компанија е странка во спорот, ќе даде позитивни резултати и ќе доведе до поголема примена на медијацијата;
- Медијаторите се запознаени со заклучокот на Владата од јули 2019 година со кој им се препорачува на државните органи, институциите, јавните претпријатија во државна сопственост и ЕЛС пред да почнат постапка на суд да направат обид да ги решат споровите по пат на медијација, запознаени се со можностите за субвенционирање и сл.;
- Најголемиот дел од медијаторите се информирани со можноста од е-медијација;
- Медијаторите укажуваат дека обуки за медијација се дефицитарни и нагласуваат дека имаат потреба од обука за медијацијата во сите сфери;
- Најголемиот дел од медијаторите малку се задоволни од работата на Комората на медијатори, информирани се за работата на Комората, а во однос на соработката со Комората исто така малку се задоволни;
- Соработката помеѓу медијаторите во најголем процент е во исклучителни случаи, но има и медијатори кои навеле дека многу соработуваат помеѓу себе;
- Како причина за слабата застапеност на медијацијата во нашата судска практика, најголем дел од медијаторите кои одговорија проблемот го лоцираат во тоа дека страните се недоволно запознаени со медијацијата – 33%. Високи 27% од медијаторите како проблем ја гледаат и недоволната промоција на предноста на медијацијата во јавноста. Околу 18% од медијаторите сметаат дека адвокатите честопати ги советуваат клиентите да не ја прифатат медијацијата;
- Како негативни страни на медијацијата најголем процент од медијаторите кои одговориле (32%) истакнале дека медијацијата не е доволно добро законски осмислена. 23% сметаат дека странките немаат доверба во медијацијата, а 21% имаат наведено и други причини како „потенцијалните страни избегнуваат одговорност од евентуално неуспешно спогодување", „медијаторите, исто како и Комората, се слабо видливи за граѓаните, државата воопшто не вложува во медијација, потребно е подобрување на законската рамка" и сл.;– Како проблеми/пречки со кои се соочуваат медијаторите при спроведување медијација, најголемиот број од медијаторите кои одговориле на прашалникот наведуваат дека: проблем им е просторот за одржување на медијацијата, недоволна ангажираност на страните во постапката на медијација; незаинтересираност на странките да склучат спогодба; тешкотии при наплата на трошоци, неисплатени субвенции при сите исполнети пропишани услови и сл..

За поголема примена на медијацијата, медијаторите предлагаат:

- Поголема промоција на медијацијата и информирање на јавноста за предностите во постапката за медијација;
- Поголем ангажман на судиите и ОЈО за примена на медијацијата;
- Перманентни обуки на медијаторите и нивно постојано усовршување, што ќе придонесе за поквалитетно водење на постапките;
- Носење на тарифник за трошоците во постапка на медијација;
- Проверка на бројот на предмети со задолжителен обид за медијација (стопански предмети) што се примени во суд, а не биле претходно на медијација;
- Официјално потсетување на државните органи на заклучокот на Владата за примена на медијацијата – државните органи треба да бидат задолжени пред да почнат судска постапка да иницираат постапка за медијација исклучиво преку Комората за медијатори;
- Медијацијата треба да најде место во споровите од мала вредност особено за режимските трошоци (струја, вода, парно, телефон и друго), како и за постапките за развод на брак кога странките сакаат да го направат тоа спогодбено;
- Создавање центар за медијација со свои простории и органи што ќе се грижат за промоција на медијацијата, поддршка на медијаторите во однос на ресурси – просторија за водење медијација, простории за семинари и обуки, техничка опрема, правна и друга стручна помош и сл..

Во анализата беа собрани и податоци за медијацијата од Министерството за правда, од кои заклучивме дека податоците за примена на медијацијата во е-регистарот не се внесувани согласно планираните очекувања, од причина што за тоа не постоеше задолжителна законска обврска, недоследност што е коригирана во новото законско решение.[69] Податоците во е-регистарот сè уште се ажурираат и отворена е можноста за внесување податоци и за претходните години.

Од податоците добиени од МП, можеме да заклучиме дека во зародиш е скромна примена на медијацијата во постапката кон деца, а тогаш кога е применета, таа успешно се завршува со спогодба. Во однос на заведените предмети во е-регистарот за медијација во периодот од 2016 до 2021 година има вкупно заведено 2.511 спогодби од кои со спогодба се завршени 1.377 или 55% успешна примена на медијацијата, што е за особена пофалба. Најчесто, успешно се завршуваат работните спорови каде што процентот на успешност е високи 91%, а втори по примена се стопанските спорови каде што процентот на успешност е 18%. Уште еднаш напоменуваме дека истражувањето е направено пред стапувањето во сила на новото законско решение во декември 2021 година.

Во анализата се дадени и податоците од направеното истражување со фокус-група од претставници од стопанските комори на РСМ, поточно од Стопанската комора на РСМ, Сојузот на стопански комори на РСМ, Бизнис-конфедерацијата на РСМ, кои дадоа особен придонес кон ова истражување, претставувајќи ги интересот и ставовите на нивното членство и на бизнис-заедницата.

Во однос на мислењето на фокус-групата, а во врска со очекуваните позитивни резултати од воведувањето на задолжителен обид за постапката за медијација во случаите согласно член 461 од ЗПП (за стопански спорови што се однесуваат на парично побарување до 1.000.000 денари) претставниците од стопанските комори од РСМ сметаат дека задолжителниот обид не придонел до вистинска примена на медијацијата, туку само нејзина формална примена.

69 Види член 16, став 3 од Законот за медијација, „Службен весник на РСМ“, бр. 294 од 27.12.2021 година, согласно кој медијаторите се должни веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето, тоа да го внесат во Регистарот и да продолжат со тековно внесување на сите потребни податоци заклучно со крајниот исход на постапката.

Воведувањето на задолжителен обид не може да биде трајно решение, туку само привремено решение за стимулација што како цел требало да ги запознае субјектите со медијацијата и нејзините придобивки, за да ја применуваат самоиницијативно во иднина. Бројот на обиди во овој дел е зголемен, но таа бројка, според нив, не придонесува за успех на медијацијата, бидејќи бројката не дава реална слика за нејзината примена, што се гледа од процентот на успешно завршени медијации кај задолжителниот обид. Едногласни се дека компаниите одбиваат нешто што е задолжително, на него гледаат како на дополнително парично оптоварување, па затоа наоѓаат и начини за да го избегнат задолжителниот обид. Во ова ја бараат и причината за неуспешните обиди за медијација. Тие се на мислење дека на задолжителноста странките ѝ приоѓаат со огромна доза скептицизам и воопшто не се впуштаат да направат обид за медијација. Задолжителноста е причина за високата бројка на предмети, но и за високиот степен на неуспех во овие предмети. Успешноста на медијацијата во 99% е кај работните спорови, затоа што таму странките се јавиле доброволно, преземале активност, дале шанса да го решат спорот преку медијација и увиделе дека спорот може да се реши без почнување на судска постапка.

Претставниците од фокус-групата не сметаат дека зголемување на законскиот паричен максимум над 1.000.000 денари ќе придонесе за поголема примена на медијацијата. За разлика од другите испитаници (суд, обвинителство, медијатори) приватниот сектор во многу наврати организирале обуки и информативни кампањи за предностите од медијација. Обуки имале преку нивните асоцијации и организирани од нивните асоцијации, како и информации на нивните интернет-страници за сите можни често поставувани прашања за медијацијата што можат да им бидат од полза на нивните членови. А сепак, остануваат на ставот дека во случај кога постои матична институција во државата што треба да ги реализира активностите врзани првенствено за обука на медијацијата, тие, како асоцијации, не сакаат да ѝ парираат во работата, за да не се разводни нејзината работа.

Претставниците од фокус-групата како препораки за подобрување и унапредување на примената на медијацијата ги даваат следниве:

- Подобра промоција што ќе биде реализирана на ефикасен начин кај сите засегнати страни и ќе ја подигне свеста кај сите;
- Консултирање на мислењето на бизнис-заедницата во однос на донесување на нови законски решенија, но и за примената на постојните законски решенија за медијацијата;
- Преку медиумите и преку матичните институции да има конференции и активности за промоција;
- Разбивање на табу-теми за медијација;
- Повеќе заеднички проекти за медијацијата;
- Разгледување на предностите за медијацијата во стечајните постапки и поголема активност во оваа област;
- Подобрување на примена на медијацијата во потрошувачките спорови;
- Синхронизирана стратегија за промоција на медијацијата;
- Пилот (бесплатна) медијација во градежниот сектор;
- Изработка на истражување и анализа за медијацијата што ќе даде правец за областите во кои е потребна интервенција;
- Разгледување на перспективите за онлајн-медијација.

ЕПИ

